



# ТРИ АПОСТОЛИ ОД РУСКАТА ПОЕЗИЈА

А. С. Пушкин
М. Ј. Лермонтов
Н. А. Некрасов

# ТРИ АПОСТОЛИ ОД РУСКАТА ПОЕЗИЈА

А. С. Пушкин
М. Ј. Лермонтов
Н. А. Некрасов

Р. У. „КОЧО РАЦИН" СКОПЈЕ
WORKERS UNIVERSITY
"KOČO RACIN" -SKOPJE

**Автор:**
Ване Стаменов - Неретски

**Издавач:**
Работнички универзитет „Кочо Рацин“ - Скопје

**За издавачот:**
Директор: Мане Колев

**Компјутерска подготовка:**
www.koma.mk

**Лектура**
М-р Бисера Павлеска - Георгиевска

**Печати:**
Алма - Скопје

**Тираж:**
300 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.161.1-1.09

СТАМЕНОВ - Неретски, Ване
Три апостоли од руската поезија / [Ване Стаменов - Неретски]. - Скопје : Работнички универзитет „Кочо Рацин“, 2014, 90 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-903-23-6

I. Неретски, Ване Стаменов - види Стаменов - Неретски, Ване

а) Руска поезија - Критики и толкувања

COBISS.MK-ID 96529162

Александар Сергеевич Пушкин 1799 – 1837

*Александар Сергеевич Пушкин -*
*сонце на руската поезија.*
*Тој прв нѐ запозна со поезијата*
*што не ја знаевме пред него.*

*Н. Р. Чернишевски*

*Пушкин ја украси народната*
*песна и приказна во своите дела.*

*М. Горки*

## *Александар Сергеевич Пушкин*

*Пушкин, твоето име и твоите песни ѕунат посилно од сите камбани на твојата татковина и твоите стихови се преведени и се преведуваат на сите јазици на нашата планета.*

*Ќе дојде време кога ќе се создаде една антологија од поетите на светот од сите времиња и меѓу нив ќе бидат и твоите дела. Затоа што ти си Поет на поетите и Сонце на поезијата.*

*Пушкин беше длабоко сврзан со корените на развитокот на руската уметничка мисла и зборот од старото време до денешното. Тој во поемата „Гратчето“ 1815 год. дава список на поети и на писатели, почнувајќи од Хомер и стигнувајќи до современите руски поети.*

*И не случајно Горки го нарекол „Почеток на почетоците“, а Лермонтов, Гогољ, Тургењев и Достоевски го сметале за свој учител.*

*Пушкин е основоположник не само на новата руска литература, туку и родоначалник на новиот руски литературен јазик.*

*Пушкин е писател-енциклопедист, не само лирик, не само автор на поеми, не само прозаик и драматург и литературен критик.*

Александар Сергеевич Пушкин е голем поет, но неговата големина не е само во тоа што тој напишал литературни дела што влегуваат во златните страници на светската литература. Тој е голем затоа што можел да предвиди и смело да се определи за новото и за напредното. Пушкин од неговите сонародници е наречен сонце на руската поезија. Тој во своите дела ги одразил мислите и чувствата на напредните луѓе и не само што ги опишал минатото и сегашноста, туку ја предвидел и иднината.

Со своите литературни дела Пушкин ја воздигнал руската литература на ниво што „Од еден човек пораснала за цел век“. Тој го завршил тоа што го почнале Ломоносов, Државин, Карамзин и Фонвизин. Без него би биле невозможни достигнувањата на Гогољ, Толстој, Тургењев, Достоевски. Сите тие големи луѓе признавале дека Пушкин бил нивни духовен родоначалник.

А. С. Пушкин е роден во Москва, на 26 мај (6. 6) 1799 година во дворјанско семејство. Многу од неговите роднини се сврзани со историјата на Русија, со што тој се гордеел и подоцна самиот ги споменувал во своите дела.

Родителите на Пушкин не посветувале внимание за воспитувањето и образованието на своите деца, тоа било оставено на разни француски учители.

Во формирањето на неговиот карактер и во запознавањето со рускиот јазик, голема улога одиграла неговата баба Марија Александровна Ганибал и Арина Радионова. Баба му го научила да пишува и да чита руски, од неа слушнал за некои историски настани, а од Арина Радионова ги слушнал руските песни, се запознал со народното богатство и со народната поезија и не случајно ја нарекол „мамушка“.

*„Во колибата ни гнила*
*мрак и тагата се скри,*
*та, зошто бабо мила,*
*крај прозорец молчиш ти?*
*Или бурата што бесни*
*навена на замор знак,*
*....“*

## СРЕДБА СО НАЈВИДНИТЕ РУСКИ ПИСАТЕЛИ

Кога станува збор за детството на Пушкин не може а да не се спомне неговиот чичко Васили Пушкин, познат писател од првите години на 19 век. Тој бил прв кој забележал дека Александар има голема наклоност кон литературата и му покажал како се пишува.

Во куќата на Пушкин се собирале највидните руски писатели во тоа време: Жуковски, Батјушков, Карамзин, кои дискутирале за уметноста и за поезијата, па така Алексеј имал можност да се запознае со нив уште од детството. Еве што напишал познатиот историчар и писател Н.М. Карамзин: **„...Спроти мене седеше десетгодишниот Саша не спуштајќи го својот поглед и слушајќи го нашиот разговор без здив..., на спиење детето отиде без волја“**. Тој по таквите средби долго време не спиел.

– Ти не спиеш? – го прашала неговата постара сестра Олга.

– Не.

– Тогаш, што правиш?

– Составувам стихови, рекол тој.

Уште пред да се запише во Лицејот, тој имал прочитано богата библиотека на својот татко. Ги прочитал делата на Волтер, трагедиите на Корнел и на Расин, комедиите на Молиер, филозофските мисли на Русо и Дидро, песните на Бајрон, стиховите на Жуковски, басните на Дмитриев и на Крилов, делата на Карамзин, стиховите и песните на Державин, Сумароковите трагедии. Сите овие дела не можеле а да не извршат влијание во натамошниот живот и на образованието на Пушкин.

Во 1811 година бил отворен царско-селскиот Лицеј за школување на децата од аристократското општество. Пушкин успешно го положил испитот и бил примен во Лицејот.

На официјалното отворање на Лицејот присуствувал царот со своето семејство и многу други општествени личности, а меѓу

нив и чичкото на Пушкин. Гостите ги поздравил директорот. По него зборувал младиот професор А.П. Куницин, кој, меѓу другото, рекол: **„Кон вас се обраќам, јас, млади потомци, идни столбови на општеството. Отворен е патот, честа и славата се пред вас...На каква било должност да бидете во иднина, помнете секогаш – нема повисок чин од светлиот човечки чин...“** Говорот на Куницин долго време останал во спомен на лицеистите и не случајно тој бил еден од најсаканите професори во царско-селскиот Лицеј.

Како што е познато, Лицејот бил строго затворена установа. Учениците немале право да ги посетуваат своите домови. На првиот кат биле сместени професорите и службениците, а на вториот – ресторанот, болницата, аптеката и свечената сала. На третиот кат се наоѓале училишните сали, салата за одмор, додека на четвртиот биле собите на учениците. Секој ученик имал своја соба, а на секоја врата стоеле бројот и името на секој ученик. Пушкин живеел во соба број 14.

## Еве кој ќе го наследи Державин!

Големата татковинска војна од 1812 година во Русија и народноослободителните борби во Европа и на Балканот, имале големо влијание за ширењето на напредните идеи во Русија. Од мало до големо се кренало за одбрана на татковината. И лицеистите ја следеле оваа војна со големо интересирање, знаејќи дека Жуковски, славниот поет, отишол доброволно да ја брани татковината. **„Тие настани – пишувал Пушкин – силно се одразија врз нашето детство...“**

Во Лицејот, Пушкин не само што многу читал, туку почнал да пишува и свои песни. Неговата прва објавена песна во списанието „Весник Европа“, била потпишана со Александар Н. К. Ш. П. и била посветена на Кјухебекер. Голем настан за него биле и испитите на Лицејот, како што самиот Пушкин пишувал во својата автобиографска белешка: „... Тоа беше во 1815 година, на јавниот испит во Лицејот. Кога дознавме дека Державин ќе дојде кај нас, сите се вознемиривме...на крајот ме викнаа мене. Јас ја прочитав мојата песна „Спомени од царско село“,

стојејќи само два чекора од Державин. Не можев да ја опишам мојата душевна состојба: кога дојдов до строфите каде го споменувам името на Державин, мојот детски глас заѕвони, а срцето ми зачука со големо воодушевување...Не помнам како сум го завршил моето читање и како сум избегал. Державин бил воодушевен. Ме барал насекаде, сакал да ме гушне. Ме барале, ама не ме нашле. **„Еве кој ќе го наследи Державин!“, рекол тој“.**

По завршувањето на Лицејот, тој се вратил во Петроград и се вработил во Министерството за надворешни работи.

Големите врски на неговото семејство и неговите литературни успеси му дале можност да се запознае со многу влијателни луѓе. Од тивкиот и мирен живот во Лицејот, тој веднаш се вклопил во бурниот живот, учествувал во разни литературни друштва и читал свои песни.

Во тој период Пушкин напишал многу песни и станал познат како писател не само во Русија, туку и надвор од неа. Меѓу најпознатите песни од тоа време се издвојуваат: „Кон Чадаев“, „Слобода“, „Село“, „Руслан и Људмила“ и многу други, кои имале огромен успех, а некои од нив се препишувале и на рака и се ширеле меѓу многубројните читатели во цела Русија. **Кога Жуковски ја прочитал „Руслан и Људмила“ на Пушкин му го подарил својот портрет, на кој пишувало: „На ученикот – победник од поразениот учител“**.

Неговите песни и идеи, кои барале либерални измени во Русија, дошле и до рацете на неговите противници, кои тој ги исмејувал во своите сатирични песни и епиграми. За ширењето на таквата пропагандна литература царот донел решение Пушкин да биде испратен во Сибир. Тоа се гледа од разговорот на царот со директорот на Лицејот, Е.Л. Енгелгардт. **„Енгелгардт – рекол царот – потребно е Пушкин да се прати во Сибир, тој ја поплави Русија со неподносливи песни, целата младина го чита“**. *„Тоа е волја на вашето величество – одговорил директорот – но, дозволете ми да кажам неколку зборови за мојот поранешен воспитаник. Кај него се развива необичен талент. Тој е убавина на нашата современа литература и јас мислам и верувам дека вашата великодушност*

*подобро ќе го разбере него“*. Во одбрана на Александар Пушкин се кренале не само директорот на Лицејот, туку и многу други видни личности од науката и културата, меѓу нив и славните поети Карамзин и Жуковски, кои барале од царот да ја измени донесената одлука. Жуковски во лицето на Пушкин гледал како на еден гигант на руската литература.

## Средба со славниот херој

Многубројните молби и протести го принудиле царот да ја измени одлуката и наместо Пушкин да биде испратен во Сибир, тој бил преместен на служба во Екатеринослав, кај генерал Инзов.

И тука со голем интерес Александар Пушкин ги следел настаните не само во Русија, туку и во целиот свет. Тој не само што ги следел настаните во Шпанија, Австрија, Италија, Грција, туку и посветувал песни за борбите на тие народи. Тој и самиот бил готов да оди во Грција како доброволец и да се бори за слободата на грчкиот народ. Како што тоа го направил славниот англиски поет Бајрон.

Оддалеченоста на Пушкин од големите центри не можела да го оддели и од настаните. Тој освен што пишувал, воспоставил и нови врски со напредните луѓе на југ.

Пролетта во Екатеринослав пристигнал славниот херој на татковинската војна Н.Н. Раевски со неговото семејство на турнеја низ Кавказ и Крим. На Пушкин му било дозволено да му се придружи на омиленото семејство на Раевски. Во едното писмо испратено до својот брат, Пушкин вели: **„Раевски не е славен само како херој на таа војна, туку е и човек со големо човечко срце, прекрасна душа и силен карактер...“.**

Прекрасните убавини на Кавказ и Крим го одушевувале и му дале инспирација за нови творби. Тој не само што многу пишувал, туку и воспоставувал нови врски. Се запознал со М.Ф. Орлов, со Пестељов за кого и самиот пишувал во својот дневник: **„Претпладнето јас го**

**минав со Пестељов. Умен човек во целата смисла на зборот... Ние со него имавме разговор, метафизички, политички, морален...Тој е еден од најоригиналните умови кои јас ги познавам...“**

Тука Пушкин се дружел со В.Ф. Раевски, наречен прв декабрист, кој поради својата дејност бил уапсен пред Декабриското востание.

Меѓу многубројните дела напишани во Кишинев се и „Кавкаскиот пленик“, „Бахчисарајскиот фонтан“, „Браќа разбојници“, „Цигани“. Таму тој почнал да ја пишува првата глава од романот „Евгениј Онегин“, а ја завршил во Одеса, каде што бил преместен.

## Бурата стивна

Во Одеса, Пушкин доаѓа во конфликт со Воронцов до тој степен што тој побарал од власта Пушкин да биде испратен на друго место. „Ќе бидам многу радосен ако тој си оди од Одеса... Ослободете ме од Пушкин...“ Барањето било решено и тој бил испратен во Михајловско.

Таму Пушкин срдечно бил пречекан од неговите роднини, но за жал не за долго време, а тоа се гледа од писмото на Пушкин до В.А. Жуковски: **„...Мили, се обраќам до вас, за да дознаете за мојата положба. Пристигнувајќи тука, јас бев од сите срдечно пречекан, но за кратко време сè се измени. Татко ми исплашен од моето прогонство постојано тврди дека и него истото го чека. Пешуров е назначен да ме следи и без никаков срам му предложил на татко ми да ги чита моите писма. Со други зборови да биде мој шпион... Татко ми почнал да му префрла на брат ми дека јас му држам предавање за атеизам...Пред вас не се оправдувам. Не знам што сака со криминалните обвинувања? Сибирски рудници и лични маки? Спасете ме, испратете ме на робија или во Соловецкиот манастир. Не ви раскажувам што трпат мојот брат и мојата сестра поради мене, уште еднаш ве молам да ме спасите“**.

Писмото кое Пушкин го испратил до императорот, во кое барал да биде пратен во еден од затворите, за среќа не стигнало до целта.

Есента, семејството се преселило во Петроград, а во Михајловско останал само Пушкин со саканата Арина Родионова. „Бурата стивна“ – му напишал тој на еден свој пријател во Одеса.

Во Михајловско, Пушкин многу научил за селскиот живот. „... До пладне пишувам, ручам доцна навечер, слушам приказни и ги надоместувам празнините во моето проклето воспитување....“

Времето минато во Михајловско било едно од најплодните времиња за Пушкин. Тој таму ги завршил поемата „Цигани“, третата глава од „Евгениј Онегин“ и работел на четвртата, петтата и шестата од „Борис Годунов“. Тука дознал за неуспехот на Декабриското востание и длабоко бил трогнат од страшните вести што ги чул за своите пријатели. Во тие денови ја напишал песната „Пророк“.

Извесно време Пушкин живеел во Болдино и таму ги напишал своите познати песни под име „Болдинска есен“, „Мали трагедии“, „Белкиновите раскази“. „Во Болдино пишував повеќе од кога и да е“, враќајќи се во Москва му соопштил Пушкин на својот пријател Плетнев.

## Фатален дуел

За А.С. Пушкин настапува нов период. На 18 февруари 1831 година тој се оженил со убавицата Наталја Гончарова. Семејниот живот во почетокот му донел спокојство и среќа. **„...Јас сум женет и среќен – му пишува тој на Плетнев – оваа состојба за мене е нова, ми се чини како да се препородив...“** Но, за жал, тоа траело многу кратко и за Пушкин започнал нов страшен и трагичен период. Бракот му завршил несреќно и на славниот поет не му останало ништо друго, освен да пишува и преку поетскиот збор да го искажува своето незадоволство.

Историските настани во Русија го привлекле вниманието на Пушкин и како резултат на тоа, тој напишал многу свои дела со историски настани: „Историјата на Пугачов“, „Дубровски“, „Капетановата ќерка“, „Пикова дама“, „Арапинот на Петар Велики“ и многу други.

Пишувал и приказни, од кои најпознати се : „Приказна за златниот петел“, „Приказна за рибарот и рипката“ и др.

Пушкин ги преживувал своите најтешки денови кога неговите непријатели му правеле разни сплетки со неговата жена и тој повеќе не сакал да биде понижуван, па затоа го поканил Дантес на дуел. Дуелот се одржал на 27 јануари 1837 година, во близина на Петроград, кај Црна Река. Пушкин бил смртно ранет. Тој знаел дека умира и смртта ја чекал смело. **„Жалам што тука ги нема Пушини Малиновски, ќе ми беше полесно да умрам...“**

На 29 јануари 1837 година во 14 часот и 45 минути престана да чука големото срце на Александар Сергеевич Пушкин. Река од луѓе, без разлика на вера и народност, за последен пат се поклонила пред славниот поет. На 5 февруари ковчегот со телото на Пушкин тајно било пренесено од народот и погребано на гробиштата на Светогорскиот манастир.

Од Пушкин се простиле славните писатели на Русија, а Тургењев и Козлов, со дозвола на жандармите, го испратиле ковчегот на Пушкин до гробот. М.Ј. Лермонтов за неговата смрт рекол: **„Со црната ви крв не се брише не лесно праведната поетска крв!“**

## ПРИЗНАТ ЛИРИЧАР

Кога станува збор за Пушкиновата лирика може да се рече дека станува збор за еден океан на поезијата. Тој е признат лиричар во светската литература. Неговата поезија е разновидна и тематски богата, како што е богат и човечкиот живот.

А.С. Пушкин напишал повеќе од осумстотини лирски песни, многу поеми, драми, романи, приказни. Тој работел на сите литературни видови, направил многу за разнообразноста на жанрот и не случајно станал **„Поет на поетите“**.

Иако лириката на Пушкин тешко може да се класифицира, сепак, таа има свои карактеристики. Лицејскиот период, иако има своја особеност, може да се смета како првиот лирски период на Пушкин. Се претпоставува, во Лицејот напишал околу 120 песни, меѓу кои и песната **„Спомени од царско село“.**

Вториот период е меѓу Лицејот и неговото прогонство. Во овој период се забележани политичките и граѓанските мотиви.

Михајловскиот лирски период е многу важен. Во тој период поетот минува од романтизам кон реализам не само во поемите и драмите, туку и во лириката. Се разликува во својата тематска разнообразност, чувствителност, радост, надежи во иднината, дека светлината ќе го победи мракот.

**„Да живее сонцето, да исчезне мракот“**. Тука се дадени прекрасните убавини на руската природа, љубовта кон слободата, кон татковината, поврзаноста на поетот со народот.

„Кон Чадаев“ е една од најпопуларните песни на Пушкин, посветена на познатиот декабрист и пријател на Пушкин уште од Лицејот. Во песната се забележани првите лирски карактеристики.

*„Поверувај ти, другар драг:*
*Ќе грејне среќна ѕвезда над нас,*
*Се буди Русија од мрак“*

Во песната авторот успеал да ги слее во едно идејата за слобода и патриотската љубов кон татковината. Лирскиот лик во песната е активна натура, тој дава такви слики и описи на природата, поетски метафори, силни патриотски чувства, ги осудува нечовечките постапки, верата во иднината на човекот.

А.С. Пушкин во Михајловско ја напишал песната „Село“. Главната идеја во таа песна е борбата на другото зло на луѓето, борбата против крепосното право. Во оваа песна Пушкин го збогатува лирскиот јунак со нови црти. Песната е поделена на два дела. Во првиот авторот зборува за убавините, спокојството, природата, богатите полиња, тука е сè мирно и спокојно.

*„Ти праќам поздрав јас од толку тих мој кат,*
*Прибежиште на мир, вдахновеност и труд*
*кај в поток невидлив ми тече животот млад“.*

Природните убавини, пејзажите, реките, езерата ја успокојуваат душата на поетот.

*„Насекаде пред мене јас живи слики гледам“.*

Во вториот дел од песната се менува тонот на поетот. Тој зборува за тешкиот живот на селаните.

*„Над плугот туѓ, под камшик свиреп, лут,*
*се ведат глави покорни на труд*
*Спахијството безмилосно е сето!“*

Читателот самиот забележува дека поетот употребува два јазика во истата песна, еден во првиот, а друг во вториот дел. Песната Пушкин ја завршува со следните зборови:

*„Да падне ропството, и овој народ клет.*
*Неугнетен и просветен да биде*
*Над родна земја еднаш ден да грејне свет?“*

Една од најсмелите песни на Пушкин е песната „Слобода“. Таква песна рускиот народ немал прочитано уште од времето на Радишев. Во оваа песна поетот ја слави слободата.

*„А ти, јакни робе паднат,*
*на нозе стани против Гневот!“*

Пушкин му верувал на човечкиот разум, а тоа особено се гледа во песната „Баховска песна“.

*„О, сонченце свето, ти гори!*
*Ко ламбава бледост што лее*
*пред јасниот изгрев в зори,*
*лажливата мудрост да, така ќе тлее*
*пред сонцето – разум што толку е јако:*
*Да живее тоа, да исчезне мракот!“*

Во својата песна „Кон морето“ Пушкин дава една широка слика за морето. Тој го гледа и го претставува како еден лик, кој вечно се бори за своите идеали.

*„О, збогум, море! Ќе ја гледам*
*во своите мисли твојата драж*
*и долго, долго ќе го следам*
*јас својот шум во доцен час“.*

## Нови насоки во руската поезија

Во прогонство Пушкин дознал за неуспехот на Декабриското востание, длабоко бил трогнат од страшните вести и во тие денови ја напишал песната „Пророк“.

*„Стани, пророк и веди и слушај*
*исполни ја волјата моја,*
*и обиколи море и земја*
*со зборови загревај ги срцата на луѓето“.*

Една од најубавите патриотски песни на Пушкин е и песната „Во Сибир“, напишана во 1827 година. Тука поетот не само што ги поздравува своите другари, туку отворено зборува за праведната борба на верните синови на својот народ и од нив бара трпение. Пушкин ја испратил песната по жена му на познатиот декабрист Н. Муравјов, која доброволно отишла кај својот сакан сопруг и другар во Сибир.

*„Ќе треснат прангите тешки на срам*
*И мракот ќе падне, слободата ведра*
*Вас пак ќе ве прими кај вратата штедро“.*

А.С. Пушкин со својата лирика не само што ја обогатил руската поезија, туку и ѝ дал нови насоки. Пушкиновата лирика во триесеттите години е лирика која интензивно се поместува од субјективноста кон објективноста, таа се карактеризира со својата филозофска проблематика.

Една година пред својата смрт тој ја напишал песната „Паметник“. Поетот верувал дека го положил испитот во својот живот и дека народот нема да го заборави, верувал во иднината на својата прекрасна земја и славниот народ, дека ќе дојдат поубави денови и дека народите од целиот свет слободно ќе можат да ги читаат неговите песни.

*„Си кренав паметник неизграден, за слава*
*со пат за народот од бурјан вечно чист,*
*повисоко од столбот царски горда глава*
*сред шеметна ќе крене вис.*
*Јас цел не ќе умрам – заветната ми лира*
*знам, душата не ќе тлее ко*
*правот толку клет.*
*Ќе бидам славен јас дури светов широк*
*ќе чува последен поет.*
*А гласот за мене по цела Русија ќе мине,*
*и секој ќе ме нарече на својот јазик жив“.*

И, навистина, Александар Сергеевич Пушкин е жив. И не само во својата татковина туку и во целиот свет.

## „ЕВГЕНИЈ ОНЕГИН“

А.С. Пушкин својот роман во стихови „Евгениј Онегин“ почнал да го пишува, како што е познато, во Кишинев, а го завршил по осум години во Петроград. Во романот се засегнати многу проблеми, а на прво место е тоа што авторот дава вистинска слика за животот во дваесеттите години од 19 век, а посебно односите на напредната дворјанска интелигенција кон проблемите на современоста.

Кога станува збор за разгледување на едно литературно дело, потребно е читателот да се запознае со времето и условите кога се пишувало и крајот во кој се пишувало тоа дело. Ако на читателот или на изучувачот тоа му е веќе познато, тогаш тој од една страна ќе може полесно да се запознае со делото, со идејата и со личностите, а од друга страна на прашањата што ќе му се родат за време на читањето, ќе може полесно да си даде одговор.

Ако читателот ја познава историјата и настаните во почетокот на 19 век и пред да го прочита романот „Евгениј Онегин“ веќе ќе знае нешто, а по читањето на делото ќе создаде една сосема јасна слика за животот на делото и на личностите. Знае веќе кој е Онегин и која е Татјана, така многу полесно ќе даде одговор зошто е таква Татјана и зошто е таков Онегин.

Пушкиновиот роман во почетокот од многу читатели, па дури и од познавачите на литературата, не бил разбран. Причини за тоа имало многу, а меѓу другите е и тоа што романот бил објавуван во разни времиња и во одделни глави. Дури во 1833 година бил објавен целосно. Немаме намера да ги толкуваме различните мисли ни на едните ни на другите, туку само сакаме да споменеме дека исцрпна анализа за романот дал славниот руски критичар **Белински, нарекувајќи го романот „Енциклопедија на рускиот живот“. Лав Толстој во својот дневник напишал: „Утрово го читав Белински за Пушкин, чудо! Јас сега тукушто го разбрав Пушкин“.**

Романот, не само што е прв роман во стихови, туку претставува и прв реалистички роман во руската литература. Читателот, можеби, ќе си постави прашање: Зошто Пушкин својот најсакан роман го напишал токму во стихови, а не во проза? На прашањето дава одговор самиот автор во писмото до својот пријател и поет **Н.А. Вјаземски: „...Пишувам роман, а роман во стихови, ѓаволска разлика“**. А. Белински за тоа прашање вели: **„...Но, да се пишува роман во стихови во такво време, кога на руски јазик нема во проза – таква смелост, оправдана со големиот успех...“**

Тешко ќе може да се разбере величествената ширина и замисла на Пушкин во романот ако не се обрне внимание на секој стих и на секоја строфа. Пушкиновите зборови и мисли се дел од човечкиот живот искажан во стихови и преку стихот тој имал можност да се искаже и да отвори нови патишта во поезијата, не само во руската туку и во светската.

Сижето во романот „Евгениј Онегин“ е изградено врз сложените односи меѓу Татјана и Онегин.

Кратката содржина на романот е следната: Девојка од провинциско дворјанско семејство, Татјана Ларина, се вљубува во еден млад човек од Петроград кој ѝ станал сосед.

Татјана прва му напишала љубовно писмо на Онегин и покрај тоа што не било обичај девојката прва да ги покажува своите љубовни чувства. Онегин не одговорил на писмото, туку усно ја одбил нејзината љубов.

Причината за тоа е неговиот замор од празниот градски живот и неговата неспособност за семеен живот.

Татјана се разочарала од одговорот и решила да се мажи. По многу години Онегин ја сретнал Татјана во Петроград како дама од високото општество, дури и едвај ја познал.

Овој пат Онегин ѝ испратил писмо со љубовна содржина. Таа усно му одговорила, иако сè уште го сакала, дека не може да биде негова...

## Конкретен пример за своето време

Читателот со ликот на романот се запознава уште од првите стихови.

*„Јас, херојот на мојов роман*
*дозволете, без увод, вам*
*за час да ви го претставам:*
*Онегин, мојот другар честит.*
*Е роден покрај Нева тој,*
*кај, можеби, и вие мој*
*читателу... На тоа место*
*ме водел често мојот пат...*
*Но, невскиот ми штети лад“.*

Натаму авторот зборува за воспитувањето и за образованието на Онегин.

*„Зар повтор позив?! Тоа ти е:*
*Во три е куќи канет пак:*
*во една – бал, во друга – слават,*
*во трета, пак, и строј ќе прават...“*

Така завршува едниот, а почнува другиот ден на Онегин. Пушкин преку мислите, чувствата и начинот на живеење, успеал да даде еден конкретен пример на своето време.

Г.А. Гуковски, зборувајќи за романот, меѓу другото вели: „...Кај Пушкин суштината е дадена не како морална поука, туку како расветлување на луѓето, како основа за формирање на нивните карактери, на нивната идејна содржина, односно како закономерна и општа основа на индивидуалноста.

*„Но, преморен од бал и вино,*
*од утро ноќ правејќи, тој*
*Се буди напладне...за кратко*
*и повтор в сништа пага слатко“.*

## Непотребен човек

По извесно време, самиот автор го поставува едно од најважните прашања: **„Бил ли среќен мојот Евгениј?“** На тоа прашање самиот одговорил: **„Од шумот светски му се лоши“**. Онегин веќе се разочарал од тој бесцелен живот, сакал со нешто да се зафати, но не знаел со што. Неговото воспитување и навиките му пречеле да се зафати со нешто сериозно. Тој самиот се сметал за непотребен човек.

Пушкин е тој кој во руската литература прв укажа на еден таков лик, кој критички се однесувал кон својата околност, но немал сили да се бори за нешто поинтересно.

*„Во безработица тонејќи,*
*си постави тој нова цел“.*

Пушкин пишува за животот на Онегин во селото, за новите личности во романот: Ленски, Татјана, Олга. Тој сосема кратко го слика надворешниот изглед на ликовите, повеќе се интересира за внатрешноста на ликовите и преку мислите, чувствата и начинот на живот успева да даде еден конкретен тип за своето време.

Онегин и Ленски често дискутирале за разни настани, за кои многупати имале сосема различни мислења. Тие се две спротивни личности во романот.

*„За познанство тој повод дал*
*Се зближија. Та бран и камен*
*ил стих и проза, мраз и пламен“.*

Еве како авторот го опишува познанството и средбата со Онегин, Ленски, Олга и Татјана.

Татјана се вљубила во Онегин и тоа не случајно. Онегин е човекот за кој таа мечтаела и тој бил нејзин идеал, таа тоа не го крие, сè што чувствувала и имала во себе го искажала во писмото испратено до Онегин.

## Писмото на Татјана до Онегин

*Ви пишувам – зар друго можам?*
*Што уште би ви рекла вам?*
*Дал' казнета со презир ќе сум*
*јас сосем на вас оставам.*
*Но, ако во вас, в часот зол,*
*се најде жал за мојот бол,*
*ве колнам: Подајте ми рака!*
*Јас отпрво да молчам сакав,*
*верувајте: за мојот срам*
*би знаел еден господ сам.*
*Да имав барем надеж, кратка:*
*бар еднаш неделно, за час*
*крај себе да ве видам вас,*
*зборојте да ги слушам слатки,*
*да зборувам со вас за трен,*
*да мислам потем ноќ и ден,*
*и ден и ноќ на средба нова.*
*Но, велат дека чудни сте*
*и здодевно ви било сè.*
*А тука...нема блесок на вас...*
*Но, чекаме со радост на вас.*
*А зошто дојдовте при нас?*
*Сред тишина на катот скриен*
*јас не би разбрала за вас,*
*за бол што во мене се крие.*
*Штом стивне в моја бујна град*
*возбудата и сиот јад*
*- за срцево би нашла човек,*
*би била верна жена довек*
*и мајка честита...*
*Зар друг? Не! Живеам во слога*

*со срцево и својот ум...*
*Се врши волјата на бога:*
*Јас вечно само твоја сум!*
*По тебе мислата го скрати*
*до негде мојот бол и коб;*
*јас чувствувам дека бог те пратил*
*да бидеш чувар мој до гроб...*
*Во сонот често ти ме гониш,*
*ти невидлив ми беше мил;*
*Во својот поглед жар си скрил*
*и твојот збор во мене ѕвони,*
*што... Не, та тоа не сон!*
*Ти влезе тивко – јас се стреснав*
*и занемев: те узнав лесно*
*и веднаш помислив: Да, тој!“*
*Се лажам ли? – те слушнав тебе*
*сам – самотна сред тивка шир*
*во часот кога бара мир*
*и барав утеха за себе*
*сред молитва и добродетел.*
*И тогаш често, не за миг,*
*во мракот проѕирлив твој лик*
*и тебе целиот те сетив:*
*На мојто зглавје лика јасна,*
*зар тогаш не ми шепна ти*
*за радост и за љубов страсна?*
*Ти кој си? Ангел чувар ли*
*ил' демон што трага?*
*Од сомнежи ти спаси ме!*
*Зар може да е ова сѐ*
*за душа наивна сал лага?*
*Зар друго пишано ми било?*

*Но, сеедно: во твојто крило*
*судбината ја препуштам*
*што заштита од тебе моли...*
*Би сакала да не пуштам*
*јас плач...но напразно:*
*јас сама сум. Зар некој мене*
*ме разбира? Но, кој е тоа?*
*Молчејќи гинам...Сепак, денес*
*те чекам тебе, мил мој.*
*Со поглед еден надеж јака*
*оживи ми, ил' овој сон*
*прекрати го со што сакаш*
*со прекор, презир, суров тон.*
*Завршувам. До смрт се плашам;*
*јас премирам од страв и срам...*
*Но, позната е честа ваша:*
*Во неа не се сомневам...*

(прев. Георги Сталев)

Во четвртата глава Пушкин опишува еден од најинтересните настани во романот, средбата на Татјана со Онегин по писмото. Онегин со својот карактер и студеното срце не може да одговори на една таква искрена љубов. Разочараноста од животот, на Онегин не му дозволува да верува дека семејниот живот ќе му донесе среќа. Онегин не ја злоупотребува љубовта на Татјана, иако искусниот петроградски младинец тоа може да го искористи.

*„Ве љубам вас со љубов братска*
*и, може понежно од брат“.*

## Покана за двобој

Во петтата глава Пушкин ни дава цела галерија од столичното дворјанство и провинциските чифликчии и ја завршува со опишувањето на еден градски бал каде што Онегин пред сите гости и присутни ја задева љубовницата на Ленски, Олга. Читателот веќе со нетрпение чека што ќе се случи понатаму. Ленски, преку Зарецки, му испраќа писмо на Онегин во кое го кани на двобој.

Ленски не се плаши од смртта, но поставува едно прашање на кое мора да одговори, а прва која треба да даде одговор е самата Олга:

*„О, девојче, ќе дојдеш ли*
*да заплачеш на гробот тмурен“.*

Еве го прашањето кое го поставува Ленски, прашање со длабока содржина. Потоа, авторот ни зборува за дуелот и смртта на Ленски. Онегин го гризе совеста и по смртта на својот пријател, тој повеќе не може да живее и заминува на пат. Читателот ќе се запраша: Што се случи со Татјана и Онегин? Во седмата глава на романот, авторот дава одговор на тоа прашање:

*За жал: Невестата ни млада*
*изневери на својот бол.*

Одговорот за Олга веќе е даден и јасен. А што станува со Татјана ќе дознаеме веднаш. Иако таа страшно ја прими веста за убиството на Ленски, и натаму продолжува да го сака Онегин. По барање на својата мајка таа заминува за Москва. Тешко се разделува од родното место.

*Ох, збогум, ти мој тивок кат*
*кој ретко луѓето те газат!*

Во последната глава од романот, Пушкин ни зборува за промените кои се случиле: Татјана по неуспешната љубов со Онегин се омажила и станала светска дама. По неколку години ја сретнал во Петроград, не можел да поверува дека е тоа Татјана.

Онегин ѝ испраќа љубовно писмо, барајќи од неа љубов.

## Писмото на Онегин до Татјана

*Сè предвидов: навредени*
*од мојата тажна тајна ќе сте*
*и горчлив презир пак ми вести*
*од очите наведени.*
*Но, што сакам? Јас душа млада*
*ви откривам. Со каква цел?*
*А може, повод сам ќе дадам,*
*за злоба, суров поглед смел...*
*Што еднаш случајно ве сретнав*
*од нежност искра во вас светна,*
*а јас, па, не поверував.*
*Слободата ја жалев многу*
*и само да ја спасам тогај*
*- по стар пат се насочував.*
*Нè раздели нас уште едно...*
*Ми стана Ленски жртва бедно*
*и сè што мило в срце носев*
*го откинав, го фрлив сосем.*
*За сите туѓ, со мисли празни*
*си велев: „Слобода и покој*
*- наместо среќа, брачни окој!“*
*Јас згрешив: колку сам се казнив!*
*Да можам вечно да ве гледам,*
*да ловам насмевка со страст.*
*Со вљубен поглед да ве следам*

*и да сум секој миг при вас,*
*да гледам сегде да ве гонам,*
*да урнам пречка што нè дели,*
*да бледнеам, во маки тонам...*
*Да! Тоа блаженство се вели!...*
*Се лишив сам од сè: и јас.*
*Се влечам заедно со дните.*
*Го ценам денов, секој час,*
*во досада ги фрлам сите*
*одброени и празни дни.*
*И така тие ми се товар,*
*но измерен е векот мој.*
*Да продолжи, ќе мора тој*
*да има верба и во мене:*
*„Јас морам да ја видам денес!“*
*Се плашам да не би ме следел*
*низ ова писмо суров смев,*
*ил’ поглед суров да ме гледа,*
*да слушам прекори и гнев.*
*Но, дали знаете што значи*
*штом жед од љубов стигне врв*
*и разумно сè што ме мачи*
*да смирувам во својата крв?!*
*Крај нозете да паднам ваши,*
*да плачам, да ги прегрнам,*
*да молам; страста да ме плаши,*
*да молам, да ви признам вам,*
*меѓутоа, со лажна радост,*
*да се вооружам со збор,*
*да бидам весел...Каква гордост!*
*Но, немам сили сам на себе*
*да си се противам; за час*

*се реши сè: во ваши раце*
*сме мојта судбина и јас!*

(прев. Георги Сталев)

Татјана е човек со широко и нежно срце и не случајно таа бара одговор од Онегин:

*Зар не бев таа која еднаш*
*не ви се допаднав, јас бедна!*

Таа не може да се врати назад, иако самата признава за своите љубовни чувства, таа си дала збор и мора да остане верна. Тоа го потврдуваат и нејзините зборови:

*„Се мажам...Оставете ме,*
*ве молам...Тоа сте ми должни!*
*Во срцето ви има знам*
*и чест, и гордост, нежен плам.*
*Ве сакам (лаги зар се можни?)*
*јас тука сум, на друг сум, знај:*
*и верна ќе сум му знај“.*

Колку длабочина имаат овие прекрасни зборови на едно рането човечко срце. Татјана си признава дека во нејзиното срце тлее големата љубов кон Онегин. Таа разбира дека е доцна и дека не може да се откаже од зборот што го дала – **дека ќе биде верна жена**.

Татјана и Онегин иако се сакаат не можат да бидат среќни, да ја сврзат својата судбина, затоа што не можат да го пронајдат вистинскиот пат во животот.

Се поставува едно прашање: кој е виновен што овие луѓе не можат да бидат среќни? Вината не е само во слабостите и во недостатоците на јунаците во романот, туку таа е и на општеството, кое така ги воспитувало луѓето. Една од причините за несреќата на таквите луѓе како Татјана, Онегин, Ленски се смета и неработата, што ги направила такви.

Александар Сергеевич Пушкин во романот „Евгениј Онегин“ ја покажал вистината онаква каква што била, без украси и без маскирање.

## ПРОЗАТА НА ПУШКИН

Последниот период од животот Пушкин ѝ го посветил на прозата, а неговото прво прозно дело и прв руски историски роман е „Арапинот на Петар Велики“, кој Пушкин не успеал да го заврши. Меѓу најпознатите негови прозни дела се: „Повестите на Белкин“, „Дубровски“, „Пикова дама“, „Капетановата ќерка“ и многу други замислени и незавршени.

Пушкин отсекогаш ѝ давал големо значење на прозата, тој во својата статија „За прозата“ пишува: „...Таа бара мисли и мисли...“ И не случајно поетот се насочува решително кон прозата затоа што сметал дека таа дава поголеми можности од поетскиот жар и дава можности за поширок израз, поголема слобода.

### „Повестите на Белкин“

Во селската тишина, меѓу прекрасната руска природа, далеку од градскиот живот Пушкин целосно ѝ се посветил на творечката работа. Тука тој го завршил романот „Евгениј Онегин“, кој го напишал за мошне кратко време.

Во повеста се вклучени пет раскази кои му биле раскажани од разни лица и во разно време: „Гробарот“, „Истрел“, „Надзорникот на станицата“, „Госпоѓата – селанка“ и „Виулица“.

„Повестите на Белкин“ биле објавени под друго име и меѓу читателите имале голем успех. Тие за руската литература биле нешто ново и според темата, и според стилот, и според ликовите. Во повеста авторот нè запознава со животот на разни луѓе и разни социјални групи. Во „Виулица“ со селскиот благородник, во „Истрел“ со Солвио итн.

**И не случајно Максим Горки вели: Реализмот во руската проза почнува со „Повестите на Белкин“.**

## „Дубровски“

Во романот „Дубровски“ Пушкин ги опишува животот и односите на селаните и чифликчиите во 10 век. Тој успеал да даде една прекрасна слика за тоа време.

Тема на романот е вистинска случка, која на Пушкин му ја раскажал еден пријател, а раскажува што се случило со еден сиромашен благородник, Островски, кому богатиот сосед, поткупувајќи ги чиновниците, му го одзел имотот и го довел до питачки стап. Сопственикот на имотот, заедно со своите селани, се кренал на бунт и станал разбојник. Таа случка го инспирирала Пушкин да го напише романот „Дубровски“.

Во романот се развива борбата меѓу богатите и сиромашните чифликчии, од една страна и грубиот деспот, без човечки чувства, Троекуров, од друга. Во тој лик Пушкин го покажа типичниот благородник – крепосник, кај кого кучињата живеат подобро отколку луѓето. Тој и на работа и дома ги покажува сите пороци, а е необразован и некултурен човек.

Ликот на Дубровски е сосема спротивен лик. Тој не прави никакви злосторства, не наоѓа начин како да го врати грабнатото од селаните. Исто така Пушкин ги прикажува причините што ги принудуваат селаните да се бунтуваат. Во романот се засегнати многу проблеми, а на прво место е тоа што авторот дава вистинска слика на Русија во тој период, а особено односите на напредната дворјанска интелигенција кон проблемите на современоста.

## „Арапинот на Петар Велики“

Пушкин во романот го претставува Петар Велики не само како раководител на државата, туку и како човек со голема желба да направи сѐ што може за својата татковина. Еве што пишува Белински за романот: **„Ако овој роман бил завршен толку добро, колку што е почнат, ние би имале прекрасен историски роман, што ќе ги претставува обичаите на најголемите времиња во руската историја...“**

Во романот авторот ја покажува борбата на новото, напредното против старото, заостанатото, но, за жал, Пушкин не успеал да го заврши.

## „Капетановата ќерка“

Тема на романот е Пугачовото востание. Во 40 глави на романот писателот успеал да ги прикаже и причините што ги натерале селаните да се кренат на востание. Во романот е дадена широка слика од сите слоеви во тоа време, почнувајќи од селаните, завршувајќи со највисокото дворјанско општество.

Пушкин зборува за широката поддршка на востанието од народните маси, а тоа особено се гледа од пречекот на народот на Пугачов, со леб и сол.

Главен јунак во романот е Пугачов. Тој е претставен како смел и способен раководител, добродушен, со чиста совест, а тоа се гледа кон Грњов, Савелич, Швабри, Миронов и многу други. И не случајно Белински романот го нарекол **„Онегин во проза“**.

Богатите личности во романот имаат свој облик и своја судбина. Тоа е едно од најуспешните дела на Пушкин. Романот е објавен во списанието на Пушкин, „Современик“ околу месец и пол пред смртта на поетот. Тоа е последното негово уметничко дело што го видел отпечатено пред својата смрт.

## ДРАМАТУРГИЈАТА НА ПУШКИН

А.С. Пушкин уште во Лицејот се интересирал за театарот. Како што е познато, таму тој напишал две комедии за кои, за жал, сè уште ништо не се знае. Пушкин од руските драматурзи високо го ценел Денис Фонфизин и неговите комедии „Бригадир“ и „Малолетниот“.

Пушкин напишал многу драмски дела, но од нив се завршени само пет: „Борис Годунов“, „Малите трагедии“, „Каменioт гостин“, „Рицарот-скаперникот“ и „Моцарт и Салиери“.

### „Борис Годунов“

Повод за пишувањето на трагедијата била историјата на Карамзин во која се опишани настаните од 16 до 17 век. Пушкин дава сигурна и јасна слика за животот и за борбите на социјалните групи.

Таа народна трагедија опфаќа долг временски период. Се смета за прва оригинална трагедија во Русија. Во комедијата народот е покажан како решавачка сила во историјата на настаните. За рускиот театар „Борис Годунов“ е голем успех.

### „Малите трагедии“

Во „Малите трагедии“ станува збор за животот на разни народи. Во трагедијата „Рицарот-скаперникот“, Пушкин дава лик на страшно себичен и скржав човек. Тој е готов за пари да стори сè. Главна улога во трагедијата игра златото и околу него се одигруваат разни трагични сцени: како синот му се моли на господ да умре неговиот татко за да го наследи богатството. И не случајно тој век е наречен „ужасен век“.

Во трагедијата „Моцарт и Салиери“, Пушкин дава два сосема спротивни лика. Успесите на Моцарт во музиката кај Салиери предизвикуваат завист до тој степен, што го тера дури да прави и злосторство.

**Трагедијата „Каменioт гостин“ се смета за една од лирските трагедии во светската литература, на тема „Љубов“**. Во трагедијата

се потврдува моралната чистота на човековата љубов. Белински дал висока оценка за оваа трагедија.

Во трагедијата „Пир за време на чумата“ е прикажан животот како ја победува смртта. Таа е синтеза на целиот циклус од „Малите трагедии“.

Александар Сергеевич Пушкин пишувал и сказни. Тој високо ги ценел и еве што вели: „Секоја од нив е поема!“ Меѓу другите сказни што тој ги напишал се: „Сказна за рибарот“, „Сказна за златното петле“, „Сказна за попот и неговиот момок Балба“, „Сказна за царот Салтан, за неговиот син Славниот и семоќен Јунак“.

Пушкин оставил едно огромно литературно богатство, кое служело и ќе ѝ служи не само на литературата на својот народ, туку и на литературата на целиот свет. Тешко може да се најде јазик на кој не се преведени делата од овој голем поет, кој Белински го нарекол „... **Голем поет на сите народи и на сите векови, гениј европски, слава светска“.**

**Тој бил, и докрај останал, верен поет на човечката слобода. И „...Учител на уметноста...“**



# Михаил Јурјевич Лермонтов (1814–1841)

## *ПОЕЗИЈА*

*Поезијата е расцутена градина*
*Во која е собран ароматичниот мирис*
*На цвеќињата од целиот свет.*
*А пчелите летаат од еден на друг цвет*
*Натпреварувајќи се која ќе собере повеќе мед.*

Кога ја прелиствуваме светската литература бездруго, меѓу славните писатели на светот ќе го најдеме и името на рускиот поет Михаил Лермонтов, автор на познатите дела: „Херој на нашето време“, „Смртта на поетот“, „Песна за трговецот Калашников“, „Бородино“, „Мцири“, „Пророк“, „Татковина“, „Облаци“, „Сашка“, „Сон“ и многу, многу други. И не случајно руските мислители и филозофи го сметале Лермонтов за наследник на Александар Пушкин. Белински вели дека без Пушкин не би бил возможен Лермонтов.

Михаил Лермонтов потекнува од дворјанско осиромашено семејство. Таткото на поетот Јури Петрович Лермонтов извесно време служел во воениот корпус во Петроград, во 1811 година тој бил ослободен по „болести“. По ослободувањето на Јури Петрович од армијата, тој се преселил во Кропотово. Тука се запознал и се вљубил во ќерката на богатата вдовица Елизавета Арсенјева, соседи со имотите.

Долго време Елизавета Арсенјева не ѝ дозволувала на својата ќерка Марија да се венча со Јури Лермонтов, сметајќи дека тој не бил дораснат и немал такви богатства за да може да се ожени за една така богата, и позната во високото општество, девојка каква што била Марија Михајловна. Љубовта и упорноста на Марија победиле, таа се венчала со Јури Лермонтов. Во ноќта меѓу 2 и 3 октомври 1814 година во Москва, во станот на генералот Ф. Н. Толја се родил Михаил

Јури Лермонтов. И по раѓањето на Михаил односите со зетот Јури Петрович и бабата Елизавета Арсенјева не се подобриле.

По раѓањето на Михаил, семејството се вратило во Тархани. Здравјето на Марија Михајловна се влошило и таа умира од туберкулоза, кога Михаил немал ни три години.

По смртта на Марија Лермонтова, Јури Петрович сакал да го земе својот син и да се врати во Кропотово. Елизавета Арсенјева не се согласила со тоа и Михаил останал во Тархани, оправдувајќи го тоа со фактот дека Лермонтов немал можности да му овозможи средства за образование на својот син и, затоа, за неговиот живот и воспитување ќе се грижела неговата баба Елизавета Арсенјева, која навистина многу направила за образованието на нејзиниот многу сакан внук.



*Е.А. Арсењева, бабата на Лермонтов*

Елизавета Арсенјева, бабата на Лермонтов, потекнува од дворјанскиот род на Столипини. За своето време таа била доволно културна жена со големи врски во високото општество. Таа безмилосно се однесувала со своите селани, па таков бил и односот со нејзиниот зет, таткото на Михаил, кого го сметала за виновен за смртта на својата ќерка Марија Михајловна. Тој однос меѓу бабата и зетот имал свое душевно влијание врз Михаил коешто се гледа во една песна, посветена на својот татко.

*Ужасна е судбината на таткото и синот*
*живеејќи и умирајќи одвоено...*

Од песната се гледа дека Михаил многу го сакал својот татко. Во едно писмо пред смртта, Јури Петрович му пишува на Михаил:

**„Ти благодарам тебе, драг пријателу, за љубовта кон мене и твоето нежно внимание кон мене, кое можам да го видам иако ми е забрането да живеам заедно со тебе. Тебе ти се познати причините за нашата разделба и јас сум уверен дека јас за тоа не сум виновен. Јас сакам да остане твојата почит кон мене.**

**И во друга песна Лермонтов пишува за својот татко:**

*„Прости ми! Ќе се видиме повторно...“*

**Поетот во песната обвинува: „Ти ми даде живот, но среќа не ми даде; ти сам во животот беше гонет“.** Големо прашање поставува поетот и бара одговор, зошто е тоа така и кој е виновен за таквите човечки драми. Лермонтов од самата природа е надарено дете, тој уште од детските години црта, свири на виолина, игра со селските деца, сака да слуша народни песни, раскази за славните јунаци, за татковинската војна. Лермонтов уште како дете од своите воспитувачи научил не само да зборува англиски, француски, германски, туку и да може да ја чита светската литература на оригиналните јазици.

Лермонтов кога бил петнаесетгодишно дете пишувал: „Кога сум бил три години сум слушал една песна од мојата покојна мајка и долго време сум плачел, не можам да си спомнам која песна беше“.

За да може Лермонтов да го добие потребното школско образование, Елизавета Арсенјева, бабата на Михаил, решила да се преселат во Москва. Лермонтов се запишал во московскиот пансион, кој бил еден од најдобрите школски установи во тоа време во Русија. Преселувањето во Москва за Михаил било голем настан, тука почнал нов живот за него. Тој многу читал, се восхитувал од А.С. Пушкин, од Бајрон, тука тој и самиот ги направил неговите први литературни обиди. Првата негова песна била објавена во списанието „Атене“, потпишана со латинската буква „Л“; тоа била песната „Пролет“. Лермонтов чувствувал во себеси голема енергија и сила за пишување и не случајно и неговите пријатели предвидувале дека Лермонтов ќе стане голем и славен руски поет. Лермонтов бил запознаен со речиси сите руски поети, од Ломоносов до Пушкин и многу песни знаел наизуст. Од западните писатели омилени му биле германскиот Шилер, англиските В. Скот, Купер, Мур и Бајрон и од многумина од нив тој има преведувано стихови.

*Јас сум роден со темпераментна душа*
*Јас сакам со пријатели да бидам...*

По пансионот, Лермонтов се запишал на Московскиот универзитет. Тука тој се дружел со студентите, учествувал во многу литературни кружоци, дискутирал, се борел против неправедливите одлуки на Универзитетот, мечтаел за нов, поубав живот. Во својата поема „Сашка“ поетот пишува:

*Влегов гордо во светлиот храм на науките*
*Свето место! Помнам јас, како сон,*
*Твоите катедри, сали, коридори...*

Како што е познато, во тоа време во Универзитетот биле собрани такви сили кои станале расадник за руската култура: тука е Билински, Херцен, Орарев, Станкевич и многу, многу други. **„Ние бевме уверени, - пишувал Херцен, - дека од оваа аудиторија ќе излезе таа фаланга, која ќе појде по Пестелев, Рилеев, и ние ќе бидеме во нив“**.

Меѓу стотината песни и неколку драми напишани во Универзитетот е и драмата „Чуден човек“ во која Лермонтов го опишува студентскиот живот, тука се гледа симпатијата на авторот кон селаните. Главниот јунак во драмата со болка во срцето зборува: „...О, моја татковино! Моја татковино!“

Според раскажувањето на иследувачите за животот на поетот, се гледа дека Лермонтов заедно со некои други студенти бил истеран од универзитетот поради „прекршување на универзитетските закони“. Тој секаде сакал да ги искаже своите мисли и тоа може да се види и од разговорот што го имал со профеорот по реторика и книжевност Победоносцев. **Лермонтов одговарал на испитот не по вкусот на професорот:**

**– Јас не сум ви читал такво нешто – рекол професорот – и сакам да одговарате тоа што сте го слушале од мене. Од каде вие сте го читале тоа што го зборувате?**

**– Тоа е верно, господине професоре, – одговорил Лермонтов. – Тоа што го зборувам јас, Вие не сте го читале, затоа што е многу ново и не дошло уште до Вас.**

**– Зло, големо зло, - одговорил професорот, - треба да ги слушате и да ги читате лекциите, а не да читате празни и непотребни книги.**

Меѓу Лермонтов и професорот се создале непријателски односи и Лермонтов го напушта Московскиот универзитет. Пред да ја напушти Москва, Лермонтов замислил и напишал повеќе од дваесет глави од незавршениот роман „Вадим“, кој бил замислен како роман од три дела од Екатерина до Николај, но кој за жал не го завршил. Во „Вадим“ е прикажан животот и страдањето на земјоделците, главната цел на Лермонтов, и го оправдува Пугачовото движење.

*Москва, Москва... те сакам тебе како син,*
*како Русин, - силно, пламено и нежно!*

Лермонтов бил принуден да го напушти Московскиот универзитет и да замине за Петроград со намера да го продолжи студирањето на тој универзитет. Одлуката на Московскиот универзитет за исклучување

на Лермонтов важела за сите руски универзитети. За Лермонтов останал само еден единствен пат, да се запише на Военото училиште каде што се запишувале синовите на богатите и видни луѓе.

Во 1832 година Лермонтов се запишал на Военото училиште, но никогаш не се оддалечил од литературата. Тој во тоа време ја напишал поемата „Хаџи“, повеста „Вадим“, „Два капетана“, „Едро“. Во песната „Едро“, Лермонтов ја рамни својата судбина со судбината на едрото. Песната „Едро“ му била една од најсаканите песни.

*Но, игра бранот, свирка ветер,*
*се ведне, крцка јарбол јак.*
*Но тоа не по среќа лета,*
*и не од среќа бега пак.*

*Под нога сина трага шара;*
*над него – сончев, златен шир.*
*Неспокојно се бури бара,*
*ко в бурите да има мир!*

Лермонтов во овој период чита многу странска литература, се воодушевува од англискиот поет Бајрон. Лермонтов си има свој пат во литературата.

*Не, Бајрон не сум јас, јас сум друг,*
*што уште в слава не е вслушан,*
*ко и тој подгонет во пуч,*
*но само што – со руска душа*
*јас подранив – да свршам рано.*
*Ќе стари малку мојот ум*
*во душава ко в океанов,*
*се крши надежта без шум,*
*кој може, океану клет,*
*бран од тајни твои да крене?*
*Пред други кој ме открил мене:*
*ил' јас, ил' бог – ил' некој трет?*

По завршувањето на Гардиската воена школа, Лермонтов станал офицер. Контактирајќи со разни луѓе од високото општество можел да се запознае многу поблиску со градската аристократија и со животот на тоа општество, но бргу се разочарал од тој живот и ѝ се оддал на литературата. Во тоа време Лермонтов ја напишал драмата „Маскарада“, ја почнал повеста „Кнегињата Лиговскаја“, „Бојарот Орша“ каде што главниот јунак од драмата бара начин да избега од празниот и бесмислен живот во општеството.

Првата песна под која се потпишал со цело име и презиме била песната „Бородино“, посветена на дваесет и петгодишнината од Бородинската битка, која била една од најславните моменти за руската земја, каде што се решавала судбината на руската држава - да се живее или не.

*А, беа борби, славни дела!*
*И уште какви! – сите велат,*
*за што го помни земја цела*
*тој бородински ден.*

Во оваа песна тој, покрај Александар Пушкин и Иван Крилов, ја потврдува пресудната улога на народот во борбата против непријателот.

*Еј, деца! Москва зад нас чека;*
*за градот свет во смрт,*
*ко браќа ни што живот дале!*
*Се ветивме во бојот кален,*
*за верност нож врз крст сме клале*
*пред бородински бој.*

Ниту еден од претходните писатели кои пишувале за славната Бородинска битка, не успеал да го прикаже вистинскиот лик и патриотизам на обичниот војник така како што Лермонтов го насликал во прекрасната песна „Бородино“. **Лермонтов во песната ја покажа смелоста и цврстината на рускиот војник.**

*И тој ден врагот разбра што е*
*смел руски бој за свето свое*
*и гради в гради бој!...*

**Немало и нема руски човек кој ја сакал својата татковина, а да не ја знаел оваа прекрасна поема на Лермонтов.**

**Л. Н. Толстој, во беседата со професорот Дирилин, признал дека песната „Бородино" е зрно на романот „Војна и мир".** Бородинската битка е еден од најголемите настани во 19 век не само за Русија, туку и за целиот свет.

Поетот ја сакал татковината како што тој самиот вели во песната „Татковино": **„Ја сакам татковината јас, но со љубов чудна!"** И навистина, љубовта на поетот кон неа е нешто друго, нешто лермонтовско.

*Но јас го сакам – зошто, не знам клет –*
*молчењето на степите завеани,*
*лулањето на шумите во недоглед,*
*и реките, ко морињa разлеани.*

**„Јас не сум се научил да ја сакам татковината со затворени очи, со наведната глава, со затворена уста... јас ја сакам мојата татковина како што Петар Велики ме научи да ја сакам".**

Прашањата коишто си ги поставувал поетот на себеси веќе почнале да стануваат јасни и да ги потврдува животот. Настапила црната и потресна година за руската литература и култура. А.С. Пушкин е убиен. Згасна една од најголемите ѕвезди во поезијата на Русија. Таа смрт ја потресе цела Русија. Таа голема тага Лермонтов ја изразува во својата песна „Смртта на поетот", таа како гром одекна над Петроград и се разнесе по целата земја.

*Падна тој, за чест што патил,*
*наклеветен од зборот зол,*
*со куршум в гради, жед да врати*
*тој ведна горда глава в бол.*

*Не поднесе ни миг поетот*
*да трпи навреди и срам,*
*се крена сам тој против светот*
*– ко порано – и падна сам.*
*Да, падна...зошто други ронат*
*солзи, празни фалби в хор,*
*и од себе вината ја гонат?...*

Пушкин падна од раката на француски емигрант. Но Дантес беше само егзекуторот. Главните виновници за смртта на славниот поет се службениците на дворот кои му стоеја секогаш при рака на режимот, со тоа што по пат на ропска покорност и мизерност доаѓаа до богатства и почести. Тоа се оние кои го мразеа гордиот и слободољубив поет. На тие луѓе ги фрли Лермонтов гневните прекори, нарекувајќи ги „непријатели на слободата“.

Песната „Смртта на поетот“ се пренесуваше од рака на рака низ целата Русија. Таа стана причина Лермонтов да биде испратен во прогонство во Кавказ. Пред да замине на Кавказ, поетот ја напишал песната „Облаци“ во која ни го опишува својот живот како живот на скитник, вечен изгнаник. Неговиот живот, животен пат е патот на облаците.

*Облаци небесни, вечно без граници,*
*в лазурна степа ко алки коралови,*
*брзате вие, ко и ја, прогнаници,*
*таму, кон југот, од север со жалови.*

Во песната „Дума“, Лермонтов го критикува своето поколение за своето отсуство, незаинтересираноста за нешто ново и поубаво.

Друга прекрасна поема, напишана во тој период, е поемата „Мцири“. Лермонтов, патувајќи за Тифлис, извесно време се задржал во Мцхете, стара престолнина на Грузија, основана пред илјада години. Во прекрасните убавини, близу до сливот на реките Кура и Арагва, се наоѓа црква изградена во 11 век. Од исповедта на монахот, Лермонтов

разбрал дека тој бил планинец фатен во плен и оддан во манастирот. Долго време тој не можел да се навикне на манастирскиот живот и многупати се обидувал да избега во планината. Како резулатат од едно такво бегство, тешко се разболел и едвај се спасил од смрт, а потоа останал во манастирот како прислужник.

Врз основа на разговорот со монахот, Лермонтов ја напишал поемата „Мцири“. Во поемата најдоа одраз сите основни мотиви од неговата лирика: љубовта кон слободата и татковината, активното учество во животот, љубовта кон природата. **Белински пишувал за поемата: „Може да се каже, без претерување, дека поетот брал цвеќиња од виножитото, зраци од сонцето, сјај од молњата, гром од громот, бучава од ветрот, сѐ што природата имала му дала нему како материјал, кога тој ја пишувал оваа поема...“**

*Ти спиј! Постелата е мека;*
*низ покривот се ѕирка светот.*
*Ќе пројдат години и векој*
*и тебе сништа ќе ти цветаат.*

Поемата „Демон“ е творба на која Лермонтов ѝ посветил големо внимание. Поемата тој ја почнал уште во првите негови литературни чекори и ја завршил кон крајот на својот живот. Во поемата се чувствува разочарување, протестирање, борба против лицемерноста... Авторот се стреми да ги пренесе сложните преживувања на личностите и да создаде такви романтични ликови коишто до него не биле во поезијата. Сите настани се развиваат во прекрасните кавкаски убавини, големо е влијанието на грузиското народно творештво во поемата. Ликот на Демон е близок со ликот на Печорин.

*Но, јас да зборам за нив сакам,*
*да живеам, уште еднаш, макар*
*во мислите...*

Кога се разгледува творештвото на М. Лермонтов, а посебно поемите, би било погрешно да не се спомене поемата „Песна за трговецот Калашников“. Песната не е познато каде и кога е напишана. Има многу и разни претпоставки, но едно е познато – дека Лермонтов поемата ја испратил во Петроград од Кавказ, до познатиот литератор Краевски за објавување. Цензурата не дозволувала да се објави поемата. По порака на славниот поет Жуковски, министерот за образование и култура се согласил песната да биде објавена без името на авторот.

И песната е објавена во април 1838 година во додатокот на весникот „Руски инвалид“. Поемата била високо оценета од В.А. Жуковски, а Белински за неа рекол: **„Не го знам името на авторот на оваа песна, но ако тоа е прв литературен обид на младиот поет, не се плашиме да претскажеме дека литературата ќе добие силен и самостоен талент“.**

Поемата почнува со звуците на народната песна, пренесувајќи нè во далечното минато на 16 век.

*Ој ти цар, Иван Василевич!*
*За тебе ние песна составивме*
*за твојот сакан слуга,*
*и за смелиот трговец Калашников.*

Главни лица во поемата се – царот Иван Василевич Грозни, младиот негов слуга Кирибеевич и трговецот Калашников – луѓе решителни, со силни чувства и голема волја, луѓе кои со ништо не си личат еден на друг. Иван Василевич е опкружен од своите најблиски слуги, кои биле страв и трепет за луѓето. Овластувањето на службата тие честопати го злоупотребувале и никој од луѓето не се осмелувал да се пожали.

Иван Грозни во поемата е покажан во разна состојба, покажан е таков каков што се наоѓал кога бил радосен и кога бил лут.

Кирибеевич, важна фигура во поемата, немирен карактер, миленик во царската служба, суров со луѓето, егоист. Тој искрено се вљубил во Аљона Дмитриевна и страшно го навредил семејството на трговецот

Калашников. Тој тоа го прави затоа што мислел дека никој не може да му се спротивстави и не верувал и не очекувал дека Калашников, мажот на Аљона Дмитриевна, така решително ќе му се одмазди.

Степан Калашников е главна фигура во поемата, омилен јунак на Лермонтов. Во неговото лице авторот го покажува обичниот и решителен руски човек. Тој влегува во двобој со силниот царски слуга, за честа на своето семејство, не плашејќи се и од смртта. Ликот на Калашников блеска во светската литература, како заштитник на човечкото достоинство.

Неочекуваниот резулатат го изненадил царот и тој огорчено го прашал Калашников.

*Ти го уби мојот верен слуга,*
*мојот најдобар борец, Кирибеевич?*

Грозни можеби би му простил на Калашников за убиството на Кирибеевич ако тој се поклонел пред царот и побарал помилување за тоа што го сторил. Но, Калашников тоа не го направил и во тоа е силата што тој не се понижил и смело одговара:

*Јас го убив него сакајќи,*
*А зошто – тоа не ти го кажувам тебе,*
*ќе му го кажам само на бога.*

Калашников горд не дозволува никому да му се меша во неговата совест. Тој знае дека го чека смрт и не се плаши. Народот знаел дека вистината е на страната на Калашников и тој не заборавил да му изгради могила со натпис:

*Куп земја студена,*
*минуваат бурни ветрови*
*луѓе секакви*
*минува стар човек – крстејќи се,*
*минува млад јунак – ужален*
*а гуслари минуваат – песни пеат.*

Подвигот на Калашников народот го испеал во своите песни и го пренесувал од поколение на поколение. Поемата „Песна за трговецот Калашников“ колку што е уметничка толку е и народна, пишувал Белински.

М. Лермонтов не е само поет, тој пишувал и проза. Неговото најубаво прозно дело е романот „Херој на нашето време“. Во суштина, тоа не е роман, туку меѓусебе се врзани неколку раскази со една личност. Првото издание е објавено без предговор. Второто издание е објавено во 1841 година со предговор на Белински.

Белински вели: **„Во основната идеја на романот лежи важно современо прашање за внатрешниот човек на кој ќе се одѕват сите и затоа романот треба да го побуди сеопштото внимание, сиот интерес на нашата публика. Длабоко чувствување на стварноста, непогрешливиот инстинкт за вистината, едноставноста, уметничкото сликање на карактерите, богатството на содржината, пленувачката убавина на раскажувањето, поетскиот јазик, длабокото познавање на човечкото срце и на современото општество, ширината и смелоста на сликањето, силата и моќта на духот, раскошната фантазија, неисцрпната обилност на естетскиот живот, самобитноста и оригиналноста - еве ги квалитетите на тоа дело, кое претставува сосема нов уметнички свет“.**

Еве што вели самиот автор во воведот за својот роман: **„Херој на нашето време, милостиви господа мои, навистина е портрет, но не на еден човек: тоа е портрет, составен од пороците на целото наше поколение, во нивниот целосен развиток...“. Лермонтов во својот роман нацртал човек таков каков што тој и бил со неговите позитивни и негативни квалитети. И, навистина, авторот си избрал за своето дело многу сложена структура. Тој самиот ги запознава читателите со своите јунаци. Тој ја продолжува традицијата на руската литература, посебно на А.С. Пушкин. Двата јунаци, и Онегин и Печорин, ѝ припаѓаат на руската интелигенција од почетокот на 19 век. „Лермонтовиот Печорин – пишувал Белински – тој е Онегин во нашето време“.**

Печорин му припаѓа на високото дворјанско општество, богат, со извонредна волја и енергија, тој е оддалечен од народот и своите сили ги троши напразно, а самиот се прашува зошто е тоа така: „**Јас имам несреќна нарав: дали воспитанието таков ме направило или господ таков ме создал, не знам, знам само тоа: ако сум јас причината за несреќата на другите, и самиот не сум помалку несреќен. Се разбира, тоа за другите е слаба утеха, но така е. Во првата своја младост,** од оној момент кога се ослободив од туторството на своите родители, **јас почнав бесно да се насладувам со сите задоволства што можеа да се добијат со пари и, се разбира, тие задоволства набргу ми се згадија. Потоа влегов во високото општество и наскоро и тоа ми здосади; се вљубував во светските убавици и бев сакан; но нивната љубов само ја дразнеше мојата фантазија и самољубие, а срцето ми остануваше празно...Почнав да читам, да учам, па и науката ми здосади; видов дека ни славата, ни среќата ни малку не зависат од нив зашто најсреќни луѓе се оние што ништо не знаат, а славата е среќен случај и за да ја има - човек треба само да биде вешт. Тогаш сè ми стана досадно...“ Како во огледало, авторот ни го претставува Печорин кој може да се види од сите страни.**

Со големо мајсторство Лермонтов ни ги претставува и другите ликови во романот: Максим Максимич, обичен руски човек со широка душа: **„Сепак, признајте, дека Максим Максимич е човек достоен за почит ако го признаете тоа, јас ќе бидам наполно награден за својот, можеби, предолг расказ...“ Максим Максимич, по дефиниција на Белински: „Тип чисто руски, чудна душа, златно срце“.**

Грушницки, млад офицер, скромно образован. Тој во романот е даден како контраст на Печорин. Брзо и лесно Печорин разбрал кој е Грушницки. „Тој е човек – апотеоз, ситно самољубие и слаб карактер“.

Во романот „Херој на нашето време“ се дадени ред женски ликови: Бела, кнегињата Мери, Вера и контрабандитката – девојка. Женските ликови во романот помогнале подобро да се разбере личноста на Печорин.

Бела е висока, убава, црноока девојка со човечки достоинства, таа им припаѓа на тие женски натури за кои љубовта е една за целиот живот. Таа за љубовта жртвува сѐ: и татко и куќа. „Таа чувствуваше оган во себе како в гради да ѝ лежеше растопено железо...и почна да го моли Печорин да ја бакне. Тој клекна крај постелата и ја поткрена главата од перницата и ги притисна своите усни врз нејзината веќе речиси ладна уста; таа со треперливи раце силно го гушна неговиот врат, како со тој бакнеж да сакаше да му ја даде својата душа...“. **Тука се гледа безграничната љубов кон Печорин.**

Кнегињата Мери се разликува од другите женски ликови во романов. Таа е културна, образована девојка со нежни човечки чувства. Таа, исто така, е жртва на Печорин. Таа искрено го сака, а тој ја одбива нејзината љубов и тоа ѝ нанесува на Мери тешко страдање.

Писателот помалку јасно го нацртал ликот на Вера. Таа силно се вљубила во Печорин и е готова да жртвува за него сѐ иако ги знаела недостатоците и карактерот на Печорин. Од ликовите на романот докторот Вернер е прилично близок на Печорин, тој е интересен, пријател на Печорин.

Во романот „Херој на нашето време“ Лермонтов успеал да даде таков лик кој имал големо значење не само за руската туку и за светската литература. Печорин е близок со Прометеј, Хамлет, Дон Кихот и многу други.

Лермонтов како да ја предвидува смртта, тој и затоа во последните песни ни зборува за животот и за смртта. По пат за Кавказ тој ги пишувал последните негови стихови. „Спор“, „Тамара“, „Видување“, „Сосема сам излегувам на патот“, „Давовиот лист се скина од родната гранка“. Во песната „Ти, Русијо во тиња, збогум“ се гледа тагата на поетот.

*Ти, Русијо во тиња, збогум!*
*Ти господски, ти ропски крај,*
*мундири сини, толку многу,*
*мој народе, ним верен, знај*

*Јас, можеби, зад Кавказ моќен*
*од твоите паши би се скрил,*
*од очи севидни и ноќе,*
*од слухот сечуен што бил!*

Во песната „Сосема сам излегувам на патот“ се чувствува осаменоста.

*Нема што од животот да чекам,*
*за минатото да жалам јас.*
*Барам мир и слобода; па нека*
*в сон да паднам, в заборав за час.*

Во песната „Пророк“ се покажува трагедијата на поетот.

Во подножјето на планината Машук, во близината на Пјатигорски, М. Лермонтов е убиен во двобој, на 27 јули 1841 година. Згасна уште една ѕвезда за руската и за светската литература.

## СМРТТА НА ПОЕТОТ

(Погиб поэт! - невольник чести)

*„Одмазда, Господару, одмазда!“*

Да, падна тој, за чест што патил,
наклеветен од зборот зол;
со куршум в гради, жед да врати
тој ведна горда глава в бол.
Не поднесе ни миг поетот
да трпи навреди и срам,
се крена сам тој против светот
- ко порано - и падна сам.
Да, падна... Зошто други ронат
и солзи, празни фалби в хор,
од себе вината ја гонат?..
- Судбината си кажа збор!

Зар не бил гонет од вас првен
слободниот, смел негов дар
а ќефот да ви мине стрвен
распаливте пак згаснат жар!
Радујте се!.. Тој таква мака
не можеше да трпи пак:
ко свеќа згасна гениј таков
и свена свечен венец в мрак.
Убиецот му сосем ладно
нанишани... и нема спас;
пак мирно бие срце гадно,
ни рака трепна оној час.

Па, што е чудно?.. Дошол еден
- ко многу такви - подол син
во лов на среќа и по чин,
од кобта фрлен при нас, беден.
Потсмешливо и дрско тој
ни презре обичај и јазик,
на туѓа слава в туѓ крај згази
и не разбра во мигот крвав
на кого крена пиштол свој!..

А тој е мртов - умре така
ко оној певец непознат, но сакан,
што ревноста во плен го скрила;
а беше воспеан од нив со чудна сила
- и уништен, ко тој, од подла рака.

Но зошто тој, од дружба верна, мирна нега,
сред овој душен, завистлив свет дојде сега,
за срце слободно, за пламен-жар што ригна?
На клеветник зол зошто рака тој му даде,
поверува на збор, на лажни ласки, надеж.
Тој, луѓето во младост што ги стигна?

Фрлајќи венец прежен - тие трнов венец,
во лаври обвиткан, му кладоа врз глава;
                    а иглите го бодат, ене,
по челото овенчано со слава.
И мигот заден отров му го замени
со шепот лукав на потсмешливец и гнаса.
И умре, пред одмаздата да стаса
- со таен гнев на надежи измамени.

Од чудни песни звукот лесен
го нема да се гласи пак;
поетот има пријут тесен,
на громки усни - печат јак.

О, горди потомци на гадост знајна,
што родот ви го прослави од век,
си спасивте со поклон ропски милост трајна
за сметка, пак, на родот навреден!
Крај тронот вие стоите во толпи жедни
за Гениј, Слобода и Слава катили!
Под сенката на законот се криете, о бедни:
Вистината и Судот пред вас в неврат фатиле!

Но има божји суд, о синови на блудот,
                    и страшен судија: тој чека,
а студен е пред златен сјај и ѕвека,
знаејќи однапред што правите од лудост!

По зол збор тогаш ќе посегнете зар бесно,
но ќе ви откаже тој прв.
Со црната ви крв се брише, не, лесно
праведната поетска крв!

*1837 г.*

(прев. Георги Сталев)

# Николај Алексеевич Некрасов (1821 - 1877)

*Јас лириката му ја посветив*
*на мојот народ.*

*Н. А. Некрасов*

*Кај нас нема попопуларен*
*посател од Накрасов.*

*Н. С. Тургењев*

Со името на Николај Некрасов е сврзан еден цел период од развитокот на руската поезија, од почетокот на четириесеттите па сè до крајот на седумдесеттите години од деветнаесеттиот век. А. Чернишевски за него пишувал: **„Тој е најгенијалниот и најблагородниот од сите поети во Русија...“, а Владимир Мајаковски го ставил Некрасов на исто рамниште со Пушкин. Добриот познавач на животот и делото на Некрасов, Максимов, пишувал: „Никој од современиците на Некрасов не зборувал за народот, за неговите пријатели и непријатели со таква искреност и никој не пројавувал таков интерес кон граѓанската тема како Н.А. Некрасов...“**

Во делата на Н. Некрасов убаво ни е прикажан животот на рускиот работен народ, особено животот на руското селанство. Како што е познато, Некрасов произлегува од дворјанска средина, но тој многу рано се оддалечува од идеологијата на тој сталеж и застанува на страната на работниот човек, на многустрадниот руски селанец. Тоа читателот може да го најде и да го осети во Некрасовите песни посветени на народот. Во песните Некрасов не само што го покажува народното страдање, туку ги открива и причините за тоа страдање.

Николај Алексеевич Некрасов е роден на 20 декември 1821 година во Немировен Каменец, Подолска губернија. По неколку години семејството на Некрасов се преселило во селото Грешнево, Јарославска губернија, кај имотот на неговиот татко. Иако Некрасов

тогаш имал само три години, добро го запомнил тоа преселување во Грешнево каде што го поминал своето детство.

Ако се зборува за татко му на Некрасов, Алексеј Сергеевич, може да се каже дека тој бил груб и некултурен човек. Тој мислел само на своите приходи, мачејќи ги селаните од зори до мрак. Исто така грубо и варварски се однесувал и кон својата жена и своите деца. Самиот Николај тоа го гледал со свои очи, како татко му нечовечки и ѕверски се однесувал кон селаните и своето семејство. Тој на своите деца им забранувал да играат со селските деца. – **„Децата на господарите, - велел тој, - не е потребно да играат со децата на слугите“**. Иако татко му така ѕверски се однесувал кон луѓето, поетовата мајка имала сосем поинакво мислење. Таа била умна и образована жена со прекрасна душа. Таа правела сѐ што можела за своите деца, борејќи се со нечовечките односи на својот маж.

*Јас тогаш бев дете, долго, долго*
*не мислев за ништо*
*на лицето солзи ти течеа*
*а јас после разбрав зошто.*

Тој својата мајка многу ја сакал и се восхитувал од нејзината душевна сила. Ликот на мајката се провлекува низ целото творештво на Некрасов.

Тој уште во детството се запознал со народот и се дружел со селските деца и имал можност да гледа со свои очи како групи од луѓе со врзани раце биле испраќани во Сибир преку Владимирскиот пат, кој не бил многу далеку од неговата куќа. Сите тие слики оставиле длабоки траги во детската душа на идниот поет. Кога бил разочаран од животот, тој често одел крај Волга и се восхитувал од убавината на оваа прекрасна река.

*О, Волга!...лулко моја!*
*Те сакал ли некој тебе како јас?*

Во 1832 година Н.А. Некрасов се запишал во Јарославската гимназија. Во гимназијата многу читал уметничка литература, а особено многу ги сакал песните на Пушкин и Бајрон. Тука Некрасов почнал да ги пишува и своите први песни. По завршувањето на гимназијата неговиот татко мечтаел да го испрати Николај во Петроград и да го запише во дворјанскиот полк. А самиот Николај мислел сосема друго. Тој сакал да го продолжи образованието на факултет, а не на воена школа. Кога тоа го дознал татко му, се откажал од секаква материјална помош кон синот и така на 16 години Николај во Петроград се чувствувал сосема осамен, без пријатели, роднини, и без работа. За тој период од животот во Петроград Некрасов пишува: ...**„На крајот, морам да го продадам целиот мој сиромашен подвижен имот: креветот, чевлите и шинелата. Повеќе од три дена се хранам само со црн леб, домаќинката ме предупреди да го напуштам подрумот...Ме прими еден уметник: заедно живеевме, гладувавме, баравме работа, двајцата имавме една шинела и едно рало чевли и од дома излегувавме по ред: еднаш тој... Рамно три години постојано се чувствував секој ден гладен“**. Под такви тешки услови Некрасов не се откажал од мислите дека е потребно да се учи и да се живее. Тој слушал предавања на факултетот и барал работа. И покрај ваквите животни тешкотии Некрасов не очајувал. Уште во првата година тој ја објавил својата песна „Мисл“. Набргу ја објавил збирката песни „Мечти и звуци“. Но, за жал, оваа збирка не му донела ни слава ни пари. Збирката била остро критикувана од Белински. Тоа придонело Некрасов длабоко да размисли што треба, како треба и за кого треба да пишува. Животот во Петроград му помогнал на Некрасов да разбере дека на овој свет има среќни и несреќни луѓе и тогаш тој разбрал дека треба да се пишува не како во збирката „Мечти и звуци“, туку сосем поинаку. Голема улога за неговото литературно развивање, што и самиот го признал, бил човекот кој ја критикувал збирката „Мечти и звуци“. Еве што вели самиот Н.А. Некрасов за него:

**„Мојата средба со Белински беше за мене спасување...** *Со него секоја вечер до доцна во ноќта дискутиравме за литературата и за многу проблеми. По дискусијата секогаш долго лутав по опустените*

*улици со некакво чудно расположение; колку ново за мене имаше во неговите искажани мисли...“*

Навистина, сите напредни луѓе од тоа време мислеле за маките и страдањата на рускиот народ. Запознавањето и разговорите со големиот критичар му помогнале на Некрасов да го трасира својот литературен пат.

**Некрасов како писател-реалист се развил под влијанието на Белински. Тоа одлично може да се види уште во првиот негов роман „Животот и доживувањата на Тихон Тросников“.**

Романот не е довршен: во него има многу биографски моменти од животот на самиот автор. Темата не е нешто ново ни за руската, ниту пак за европската литература. Млад човек преселен од провинцијата во Петроград се судрува со сите противречности во животот. Првото прашање е за спротивностите меѓу богатите и сиромасите. На богатите тесни им се и целите домови со раскошни соби, а за сиромасите нема ниту визби. Во почетокот и самиот Тихон не може да поверува дека во овој свет може да има богати и сиромаси, но наскоро тој се убедува дека овие прекрасни домови имаат не само соби, туку и визби каде што живеат луѓе. Самиот Тросников вели „мене ми стана сè јасно...“ **Тој увидува дека животот во градот не е ист за богатите и за сиромасите, за спахиите и чиновниците и за луѓето што живеат во визбите.**

Во романот се сретнуваат и други ликови, како на пример Агаша, селска девојка која живее во градот при својата тетка Дурандихи, која се јавува како спасител на Агаша, но тоа не е така како што сака да го покаже Дурандихи. Агаша разбира дека е притисната и експлоатирана, но нема сили да се ослободи од тој страшен и несакан живот. Таа мора да трпи иако во нејзината душа има друга мисла. Таа мечтае за слобода, сака да „биде слободна птица“. Таа слободата ја споредува со најголемата среќа во животот. Романот е интересен не само по тоа што во него доминира силната некрасовска мисла туку и поради тоа што во него се дадени социјалните контрасти меѓу богатите и сиромасите.

Потоа, Некрасов се зафатил со издавањето на алманаси, зборници со разнообразни литературни, публицистички и историски текстови. Првиот литературен алманах се појавил во Франција во 1764 година, а во Русија се смета за прв Карамзиновиот алманах „Англија“. Некрасов издал три алманаси: „Физиологијата на Петербург“ 1845 год., „Петербуршкиот зборник“ и „Илустрираниот алманах“ 1848 година. Овие алманаси имале големо значење за развитокот на рускиот критички реализам и општо за руската литература. Освен Некрасов и Белински, во алманасите учествувале и највидните писатели во тоа време, како на пример Достоевски, Тургењев, Григорович, Ерцен, Дал, Гребенка, Панаев и многу други. Исто така во алманасите се печателе и преводи од странски писатели, како на пример преводи од Шилер, Гете, Бајрон и многу други. Во „Физиологијата на Петербург“ Некрасов се јавил со фрагментот „Петербуршките ќошиња“ и песната „Чиновник“ каде што ги исмејува Николаевите чиновници, а во „Петербуршкиот зборник“ ги има објавено песните „На патот“, „Приспивна песна“, „Пијаница“ и други. **В.Г. Белински во „Отечествени записки“ од 1845 година број 8 пишувал за Некрасовите алманаси и им дал големо значење и висока оценка: Може слободно да се рече дека овие алманаси се едни од најдобрите...“ Кога В.Г. Белински ја прочитал песната „На патот“ тој не можел да се воздржи, од радост станал, го гушнал Некрасов и му рекол: „...Да знаете, вие сте поет – и тоа вистински...“ „Нека читателот сам суди дали сме во право или не“, - рекол Белински на друго место за оваа иста песна.** Некрасовите алманаси биле еден вид подготовка кон издавањето на списанието „Современик“. Во 1847 година, заедно со Панаев, Некрасов почнал да го издава списанието „Современик“. Тоа списание било основано во 1836 година од А.С. Пушкин. Некрасов околу 20 години го издавал списанието кое се сметало за едно од најдобрите литературни списанија. Тоа ги собирало околу него сите литературни сили и само за двете први години во него биле објавени такви дела кои станале класични во руската и светската литература, како на пример „Кој е виновен“ од Херцен, „Обична историја “ од Гончаров, „Записките на ловецот“ од Тургењев и многу други, без да се споменуваат ни

Белински, ни самиот Некрасов. Некрасов развивал широка дејност и способност како новинар и редактор. Тој не само што се борел за успехот на списанието, туку им помагал на младите таленти и ги привлекувал околу себе, учејќи ги како да пишуваат. За жал, за списанието страшен удар беше смртта на В. Г. Белински. Белински умре тогаш кога најмногу беше потребен, кога во Русија настапуваше страшниот период кој е познат под името „Мрачно семлетие" од 1848 до 1855 година. Во времето кога името на Белински беше забрането да се споменува, Некрасов ја објавил песната за Белински:

*Ти нас хумано да мислиме, нѐ научи*
*ти си првиот што го спомна народот*
*ти си првиот што проговори*
*за еднаквост, за богатство, за слобода...*

А по две години тој ја напишал песната „В. Г. Белински" во која го величи ликот на големиот руски критичар. Во овој период Некрасов ги напишал романите „Три страни на светот", „Слаб човек", повеста „Как ја велик".

Романот „Три страни на светот" спаѓа во романите со авантуристичка содржина. Иако романот е напишан во многу тешко и мрачно време, пред читателот, како и во романот „Тросников", се претставуваат два света: светот на богатите и светот на сиромасите. Во овој роман се среќаваме со нешто ново, а тоа е оформувањето на демократската интелигенција. На пример Кајутин, како претставник на таа интелигенција вели: „Животот е добар, но не за сите...". Во другите два дела на романот „Слаб човек" и повеста „Как ја велик", основната тема е дворјанскиот либерализам.

# ТВОРЕШТВОТО НА Н.А. НЕКРАСОВ ВО ПЕРИОДОТ 1840-1850 ГОДИНА

Зборувајќи за творештвото на Некрасов од овој период може да се рече дека тој има посветено многу дела за животот на градската сиромаштија. Во повеќето од нив авторот зборува за социјалните противречности во градот. Некрасов беше еден од писателите кој прв обрна внимание на животот од градот: на богатите и сиромасите. „Петербург е величествен град кого го засакав кога јас прв пат го видов. Со огромни домови, убави дуќани, витрини со злато и сребро, театри и балови. Но, по извесно време, јас дознав дека во неговите огромни домови во кои се кријат тие богатства и убавини има и чардаци каде што воздухот не е чист и каде што живеат доста несреќни. Дознав дека има и несреќни кои немаат ни чардаци ни визби затоа што на некои среќни не им стигаат цели домови...“. Колку вистина има во овие зборови на Некрасов.

**Во песната „Одам ноќе по темните улици“** се зборува за тешкиот и неподнослив живот на сиромашниот човек во градот. Главен лик во песната е градска жена која судбината и сиромаштијата ја принудува да прави нешто што и самата не го сака. Умира нејзиното многу сакано дете, а во постелата лежи тешко болен нејзиниот маж. Таа нема пари да купи ковчег за синот и парче леб за саканиот човек. Несреќната жена нема никаков излез од оваа страшна и морничава ситуација. Таа оди по улица и се продава себеси. Страшна човечка слика. Авторот на песната алудира на едно социјално прашање во кое бара и одговор и решение. Тука Некрасов зборува и за одговорноста на општеството кое ги принудува луѓето да попаднат во таква социјална трагедија. Песната имаше голем успех. Висока оценка за неа дале Тургењев и Шчедрин.

Н.А. Некрасов за животот на градската сиромаштија има напишано многу песни: „На улица“, „За времето“ и други. Во песната „На улица“ авторот ни опишува четири улични случки: во првата се зборува за гладен човек, кој украл леб од некој трговец. По извесно време тој бил фатен, но грешникот веќе го закасал лебот.

*Тој беше без чевли, во искинато палто...*

Некрасов сака да го изнесе пред читателот животот во градот онака како што тој самиот го гледа со свои очи, без да ја крие вистината. Исто така успеал да ги опише и да ги покаже социјалните контрасти во градот.

*Престолнината наша чудна*
*богата без крај.*
*Животот во неа за некој тежок,*
*за милионерите – рај.*

Во овие две песни поетот успева да ни го покаже животот во градот во кој некој нема парче леб, а некој не знае што да прави од изобилство.

Во 1845 година Некрасов ја напишал песната „На пат“. Оваа песна е сосема подруга и по содржина и по идеја од оние објавени во зборникот „Мечти и звуци“. Песната почнува со овие прекрасни стихови:

*-Здодевно! Здодевно!..*
*Растерај ја мојата здодевност!*
*Или што си видел, раскажи –*
*ќе ти бидам благодарен...*

Главната тема во оваа песна е судбината на руската жена. Ако во песната „На пат“ се зборува за ропскиот живот на жената, во песната „Родина“ авторот зборува за грубиот и нечовечки однос на чифликсајбиите кон селаните, а во песната „Заборавено село“ почнува да се чувствува дека селанецот самиот треба да почне да се бори против своите тирани. Самиот наслов на песната зборува за „заборавеноста на селото“. И, навистина, никој не се интересирал за селото и селаните.

Во песната „Размислување кај главниот влез“, како и во другите песни, Некрасов зборува дека **луѓето што ја имаат власта во свои**

**раце не сакаат ништо да сторат за страдањето на народот.** Во песната се зборува за вистински случај. Некрасов под својот прозорец секојдневно гледал како селаните доаѓаат од далеку да бараат помош од царскиот министер, но тој не само што не им дава никаква помош туку и ги протерува. Авторот во оваа песна ни ги покажува противречностите меѓу селаните и дворјанството.

Дали навистина селскиот живот е само офкање кое се слушало по целата руска земја. Тоа офкање не е само во селото и градот, туку и во срцето и душата на целиот руски работен човек. Но, **Н. А. Некрасов цврсто верувал во силите на народот, верувал дека тој ќе успее да се ослободи од тој тежок и неподнослив живот. Со песната „Еремушке“**, Некрасов се обраќа до младината и ја повикува во борбата за слобода. Доброљубов високо ја ценел оваа песна; тој ги советувал неговите пријатели да ја учат наизуст, зашто авторот на оваа песна со целата своја сила пее за слободата и братството.

Здравјето на Некрасов, иако од ден на ден станувало сè полошо, тој со сите сили продолжувал да пишува, мислејќи дека овие песни ќе бидат последни. Лекарите го советувале да замине на лекување во странство, но тој сакал да види како ќе биде примена новата збирка и што ќе стане со списанието.

Во 1856 година излегла од печат збирката песни од Некрасов. Во таа збирка биле сместени 73 песни. Зборувајќи за збирката може да се каже дека авторот ја разделил на четири дела. Во првиот дел се песните посветени на народниот живот, вториот дел е составен од сатирични песни, третиот ја зазема поемата „Саша“ и последниот, четвртиот, се лирски песни. На првата страница на збирката беше печатена песната „Поет и граѓани“. Оваа песна била програмна песна и не случајно дигнала голема врева во непријателските редови во Русија и радост и гордост кај рускиот народ и руската напредна интелигенција. Успехот на збирката бил огромен. **Еве што му пишувал Чернишевски на Некрасов: „Општо воодушевување – само првите песни на Пушкин, само „Ревизор“ или „Мртви души“ на Гогољ имале таков успех како вашата книга“.**

Збирката имала таков успех што некои дури не успеале и да ја купат, па ја препишувале со рака. Авторот на песната тврдо стоел на позициите на реализмот и песната била манифест на револуционерната поезија или продолжување на традициите на Рилеев, Пушкин, Лермонтов. Некрасов бара од поетот да биде пред сè граѓанин, односно човек.

Некрасов бара од поетот да му пишува и посветува песни на народот и самиот да се бори против непријателите. Служењето на народот Некрасов го сметал како нешто најглавно. **„Во нашата татковина, улогата на писателот е пред сè улога на учител и, по можност, застапник на тие што не им се слуша гласот и на понижените луѓе“** – му пишувал на Лав Толстој во 1856 година.

Зборувајќи каков треба да биде писателот и на кого тој треба да му служи Некрасов вели:

*Поет може да не бидеш,*
*но човек си должен да си...*
*А, што е тоа граѓанин?*
*На татковината достоен син.*

И, навистина, да бидеш народен поет значи да бидеш борец за доброто на народот.

Некрасов, по две години лекување во Германија, се вратил дома и пак почнал со работа. Почнал да пишува нови песни. Но, во тоа време некој од писателите го советувал да не пишува песни на такви теми и дека тој не е на добар пат. Некрасов не само што не се согласувал со мислите на таквите писатели кои мислеле дека тој не смее да ги опишува гнојните рани на општествениот живот, туку и му одговорил на еден од нив:

**„Вие, господине... заборавивте едно – дека секој писател го пренесува она што длабоко го почувствувал. Мене ми била судбината уште од детството да ги видам маките и страдањата на рускиот селанец од студ, глад и секакво мачење; мотиви за**

**моите песни јас земам од таа средина... нека моите песни не ги чита високото општество - јас не пишувам за нив...“** И навистина, Некрасов им не пишувал за тоа човештво, туку за рускиот народ, за рускиот селанец и така тој продолжил да пишува до последниот момент од неговиот живот. Некрасов останал верен на самите идеали, иако на многу писатели тоа не им било пријатно.

Тој и во најтешките моменти смело и решително се определува на страната на Добролјубов.

По реформите во 1861 година, славниот поет Тарас Шевченко се вратил од Сибир и почнал да работи во списанието „Современост“, заедно со Некрасов, но за жал тоа било многу кратко време. Тешкиот живот на Шевченко во Сибир му го скрати животот. Списанието „Современост“ по една година го губи и Добролјубов, кој умира во рацете на Некрасов. Тоа беше голем удар и за Редакцијата на списанието и за самиот Некрасов. Чернишевски во лицето на Добролјубов го изгуби „најдобриот свој заштитник“, **а Некрасов во песната посветена на Добролјубов вели:**

*Плаче рускаша земја!*
*Ама и се їордее...*

За „Современост“ смртта на Добролјубов беше страшна. Некрасов чувствуваше дека ќе настапат уште потешки денови и за него и за списанието. Потоа беше затворен Чернишевски, а списанието не излегуваше од печат 8 месеци.

## ТВОРЕШТВОТО НА НЕКРАСОВ ВО ПЕРИОДОТ 1860-70 ГОДИНА

Некрасов и во тој период продолжува да пишува песни посветени на животот на рускиот народ, како на пример „Мраз – црвен нос“ (1863 г.). „Прематори“ (1861), „Кој во Русија живее добро“ (1861), „Железничка пруга“ (1864), „Дедушка“ (1870), „Арина мајка на војникот“ (1863) и други.

Во поемата „Прематори“, Некрасов го опишува животот на малите селски продавачи, кои во селата продаваат разна стока. Иако кај нив Некрасов ја гледа и опишува нивната жедност да им продаваат за што повисоки цени на селаните, сепак, авторот не ги става во иста категорија со богатите трговци. Тој смета дека тие се понеопасни. Оваа поема е многу блиска со народното творештво. Авторот го слика народниот живот и социјалните појави во него.

Во песната „Арина – мајка на војникот“ авторот зборува за мајката Арина која го испратила својот син во армијата здрав, а тој се вратил тешко болен, до умирање. Некрасов со оваа песна ни зборува за неподносливите услови во царската армија, за нечовечките односи кон војниците. Војникот се чини дека уште е на служба во армијата, тој умира, а мајката продолжува да се мачи.

Поемата „Мраз – црвен нос“ зазема видно место не само во творештвото на Некрасов, туку и во руската литература. Авторот ја пишува оваа поема во многу тешко време, во времето кога напредните луѓе биле прогонувани поради своите идеи и испраќани во разни затвори и логори. И самиот Некрасов во предговорот на оваа поема, која ѝ ја посветил на својата сестра вели:

*Јас последната песна ја пеам*
*за тебе - и тебе ти ја посветувам*
*но нема да биде весела.*

Поемата авторот ја дели на два дела: првиот дел се вика „Смртта на селанецот“, а вториот дел „Мраз – црвен нос“. Читајќи ја поемата „Мраз

– црвен нос“ читателот ќе увиди дека не станува збор за селското семејство на Прокл и неговата жена Дарја, туку преку нив Некрасов успева да ни го покаже животот на руското селанство. Главни ликови во поемата се Прокл и неговата жена. Тешките животни услови ги принудуваат да работат под тешки зимски услови, каде што Прокл се разболува и умира, а неговата жена замрзнува во планината.

Во првиот дел од поемата, авторот зборува за смртта на селанецот Прокл, за неговиот закоп, за тагата на неговото семејство. Некрасов уште на почетокот на поемата зборува за судбината на руската жена, која била многу тешка.

Тој, исто така, зборува за убавините, за карактерот на руската жена.

*Во секоја облека убава*
*во секоја работа вешта.*

Ниту во едно дело во руската литература, до Некрасов, руската селанка не зазема такво видно место како што го зазела во делата на Некрасов. Авторот во поемата му посветува многу место на човековиот труд и дека преку трудот тој се воспитува.

Така силно трудот не звучел ни во една песна во руската литература. Некрасов зборувал за руската жена, за нејзината убавина, за нејзината љубов кон мажот и децата.

*На родителите си бил советник,*
*работник во поле си бил,*
*гостољубив, љубезен,*
*жената и децата си ги сакал...*

Некрасов преку ликот на Прокл ни дава еден прекрасен пример на човек кој прави сè за доброто на своето семејство. Тој и дење и ноќе и в поле и дома, се труди. Неговата мајка и жена прават сè што можат за да го спасат од тешката болест, но за жал тие не успеваат и Прокл умира. И кога тој е мртов тие го молат да стане.

*Еј, ти не ги жалиш бедните,*
*децата не ги жалиш...Стани!*

Од овие стихови се гледа колку му бил потребен Прокл на неговото семејство. Понатаму, Некрасов го опишува закопот на Прокл. Првиот дел од поемата завршува со враќањето на Дарја дома:

*А Дарја дома се врати -*
*да ги прибере, децата нахрани*
*печката да ја загрее...*

Вториот дел од поемата носи наслов „Мраз – црвен нос“. Во него Некрасов ни дава прекрасни описи од руската природа. И во овој дел го среќаваме ликот на Дарја, која продолжува да го сака Прокл и да разговара со него иако тој веќе е мртов. Тука Некрасов ни ги дава и ни ги опишува способностите и трудољубивоста на руската селанка. Таа знае да работи в поле, да ги извршува работите кои порано, пред смртта, ги правел нејзиниот маж. Кон крајот на поемата следуваат прекрасни описи на руската природа. **Во поемата „Мраз – црвен нос“ Некрасов, иако не зборува отворено за селскиот живот, читателот сам подразбира што беше тоа што го правеше Прокл, да работи под тие тешки временски услови или Дарја да оди по дрва во такво време. Тука ми се чини, не ќе се погреши, ако се рече дека тоа не е ништо друго освен потребата. Дарја замрзнува во планината, а со тоа завршува и животот на една трудољубива и прекрасна руска селанка.**

Во 1864 година Некрасов ја напишал песната „Железничка пруга“. На оваа тема се посветени многу песни од многу руски писатели и поети, но ниедна од тие песни не е слична со Некрасовата „Железничка пруга“. Ако тие ни зборуваат и ни раскажуваат од името на патниците или од прозорците на возот ја гледаат руската природа, Некрасов сосем од друга страна ја гледа таа железна пруга и тој зборува од името на градителите на таа пруга. Имено, станува збор за изградбата на железничката пруга Петроград – Москва, која го носела

името на цар Николај. Песната Некрасов ја почнува со прашањето: **„Папаша, кој ја изгради оваа пруга?“ – прашува детето. „Гроф Петар Андреевич“ – одговорил таткото, по чин генерал. Слушајќи таков одговор Некрасов не можел, а да не се замеша во разговорот.**

*Вие ме поканивте при Полна Месечина*
*вистината да му ја кажам.*
*Работата нивна страшно тешка била*
*не само за еден!*
*Во светот има цар: на тој цар безмилосен*
*името му е глад.*

Гладта ги принудувала селаните да бегаат од селата и да одат да работат на таа железничка пруга. Условите за работа биле толку тешки што илјадници од нив умирале, а на нивно место биле донесувани други.

**И не случајно народот зборувал дека пругата била изградена од коските на селаните.**

*Дороженка: насипи тесни,*
*столбови, шини, мостови.*
*А по страните – сѐ коски руски...*
*Колку ги има! Вањечка, знаеш ли ти?*

Тешко е да се одговори на прашањето: колку илјади луѓе си го дале животот или пак се разболеле и се осакатиле за времетраењето на изградбата на оваа пруга.

*Ние пукаме од топлина, од студ,*
*со вечно наведнат грб,*
*живееме во земјанки, се бориме со гладот*
*смрзнати и мокри, болни од туберкулоза...*

Некрасов ги опишува тешките услови за работа, но и покрај тоа народот зборува и за трудољубивоста на рускиот народ и дека само

преку трудот човекот може да се ослободи и да изгради поарен живот и дека трудот е тој што го збогатува човекот со сè што му е потребно:

*Благослови ја народната работа*
*и научи ги луѓето да ја почитуваат.*

Понатаму, авторот зборува за генералот, за неговите размислувања за рускиот народ и за неговиот потценувачки однос кон луѓето. Рускиот народ, и покрај тешките временски и животни услови, успеал да ја изгради пругата. **Тука Некрасов ни ја покажува силата, упорноста и трудољубивоста на рускиот народ. Авторот во песната „Железничка пруга“ засегнува едно социјално прашање и истовремено бара решавање на тоа прашање, а тоа е: Кој е виновен за тоа што се случува со градителите на оваа пруга?** Песната имала огромен успех.

Н.А. Некрасов правел големи усилби да го издава списанието „Современост“. Но, за жал на руската литература и руските писатели, списанието било забрането. Набргу Некрасов почнува да издава лото на „Современост“. Во редакцијата на списанието, освен свои дела, имало и дела на други напредни писатели. Тој одлично знаел дека да се живее и да се работи под такви услови секој ден станувало сè потешко и потешко. И затоа требало да се бара излез:

*Душно! без среќа и волја*
*Ноќта бескрајно долга.*
*Бура ќе грмне, што ли?*
*Чашата е преполна!*

Додека бил редактор на списанието „Отечествени записки“ Некрасов пишува многу дела меѓу кои видно место заземаат: поемата „Дедушка“, „Руски жени“, „Кој во Русија живее добро“ и други.

Главниот јунак во поемата „Дедушка“ е декабрист кој се вратил од Сибир и кого ни затворот, ни маките не го исплашиле. Тој не само што ни останува верен на своите идеали, туку и својот внук го воспитува

во истиот дух. Тој верува во иднината на рускиот народ како и самиот автор.

*„Скоро ќе ви биде полесно,*
*Ќе биде силен народот“.*
*Радост насекаде ќе расцути...*

„Дедушка“ во лицето на младото внуче ја гледа иднината на својот народ.

По поемата „Дедушка“, Некрасов работи на новата поема „Руски жени“. Во почетокот насловот на поемата Некрасов го ставил „Декабристи“, а после му дал поширок поим - „Руски жени“. Темата на поемата е Декабриското востание дигнато во декември 1825 година. Тоа востание било задушено, а многу од неговите раководители и учесници биле стрелани или испратени во Сибир и други мачилишта. Во тоа страшно време било многу тешко да се зборува за тоа востание или, пак, за луѓето кои биле испраќани во Сибир. Љубовта кон своите мажи и своите идеи ја покажале жените на некои декабристи кои тргнале за Сибир при нивните мажи. Овој подвиг го воодушевил Некрасов и му послужил како инспирација за оваа поема. Жените на декабристите Волконски, Давидов, Ентолцев, Муравјов, Наришкин Јушмески, Фонвизин, и покрај тоа што власта не им дала одобрение да ги посетат своите мажи, сами тргнале за Сибир.

Напредните луѓе ги поздравиле тие смели жени. Меѓу роднините на Волконскаја кои биле собрани да ја испратат бил и славниот поет Пушкин, кој им испратил поздрави на своите пријатели во Сибир. Подоцна Пушкин ја пишува познатата песна „Во Сибир“ посветена на славните борци. Во Пушкиновата песна се гледа љубовта и верата кон нив и нивното дело.

„Кнегињата Трубецкаја“ е првиот дел од поемата „Руски жени“, пишувана според белешките на Розен. Некрасов подробно ја опишал борбата и страдањето на Трубетскаја. Тој користи и многу историски документи за Декабриското востание: Тој ја пишува својата поема не

како историчар, но како поет. Поемата била објавена во списанието „Отечествени записки“ во 1872 година. Исто така, во ова списание била објавена и „Кнегињата Волконскаја“, вториот дел од оваа поема.

Првиот дел од поемата „Руски жени“, „Кнегињата Трубетскаја“, Некрасов ја дели на два дела: во првиот дел авторот зборува за разделбата на кнегињата од својот татко, пред заминувањето на далечното патување, за нејзиното присетување за детскиот живот, за нејзиното мажење, за патувањето со својот сакан маж во Италија, за нејзиното враќање во татковината итн. Во вториот дел е дијалогот со губернаторот кој прави сè што може за да ја убеди кнегињата да се врати од тешкиот пат и од страшното решение што таа самата го донела.

*Ужасен ќе биде, знам јас,*
*животот на мојот маж*
*нека биде и мојот*
*нерадосен...*

Кнегињата Трубетскаја ништо не ја плаши: ни тешкиот пат, ни страшната зима, ни тешките услови, таа е готова на секој начин да замине и дури да умре, ако е потребно.

*Нека смртта е моја судбина -*
*јас ќе одам! Јас сум должна*
*близу до мојот маж да умрам.*

Тука се гледа дека и самата кнегиња е тврдо убедена и готова и таа да умре заедно со својот маж. Понатаму, авторот зборува за верноста и љубовта на кнегињата кон својот маж и својата татковина.

*Не! Јас не сум тажна робинка,*
*јас сум жена!*
*и ако е мојата судбина горка -*
*јас ќе ѝ бидам верна!*

Во поемата се гледа дека и самиот губернатор се восхитува од кнегињата, од нејзината смелост и решителност. Тој на крај ѝ се извинува за пречките и задршката.

*Како јас ве мачев... Боже мој!*
*Извинете! Да, ве мачев,*
*ама се мачев и сам,*
*Но строга јас имав наредба*
*пречки да ви ставам вам!*
*Јас сакав да ве исплашам*
*вие не се исплашивте!*
*Јас не можам, јас не сакам*
*да ве мачам повеќе вас...*

Со овие стихови Некрасов го завршува првиот дел од поемата „Руски жени“.

Вториот дел од поемата „Руски жени“ е „Кнегињата Волконскаја“.

Во февруари 1873 година, не повеќе од еден месец откако излегла од печат, Некрасов му напишал на својот брат Ф. Алексеевич: „Мојата поема „Кнегињата Волконскаја“ која ја напишав летово во Карамбихе има таков успех каков што немала ни една од моите поранешни напишани работи...“

Поемата е поделена на шест дела. Во првиот дел авторот дава биографски податоци за генералот Раевски, за неговата ќерка, за нејзиното весело и радосно детство.

Понатаму, тој зборува за нејзиното мажење за Волконски, за краткиот семеен живот и за враќањето во татковата куќа.

Во вториот дел на поемата почнуваат морничавите слики на Волконскаја, на човекот што направи сè што можеше да направи еден човек со голема човечка душа. Таа си поставува прашање како на себеси, така и на родителите, од кои истовремено барала одговор. Самата Волконскаја во поемата одговара на ова прашање:

*Како можел да брбори?*
*Јас бев млада,*
*кога тој со мене се разделуваше...*

Таа заминува за Петроград да дознае што се случило со нејзиниот маж. Иако нејзините родители во почетокот не сакале да ѝ кажат, таа на крајот дознала.

Самата ја прочитала пресудата, таа не им верувала на своите очи за Сергеј. Понатаму, авторот ја опишува посетата на Волконскаја во затворот и средбата со нејзиниот маж.

Во Петроград таа правела сè што можела за да се спаси Сергеј и кога Волконскаја се уверува дека ништо не може да направи за нејзиниот маж, таа решава да оди во Сибир.

*Сибир е ужасен, Сибир е далеку,*
*ама луѓе живеат во Сибир!..*

Ни родителската љубов не можела да го измени нејзиното решение и таа оди кај нејзиниот маж, таа решава да оди во Сибир.

Во третиот дел од поемата, Некрасов ја продолжува дискусијата меѓу кнегињата и нејзиното семејство. Не било така лесно за Волконскаја да може да реши или барем да одговори на тие тешки душевни прашања: од една страна нејзината фамилија на чело со стариот татко, нејзината мајка и нејзиниот многу сакан син, од друга страна љубовта кон својот многу сакан маж. Иако Волконскаја многу го сака своето семејство, таа решава да замине за Сибир.

*Стариот зборувал: „Ти помисли за нас,*
*и мајка, и татко и дете на крајот, -*
*ти сите нас непромислено нè напушташ,*
*За што?*

За Волконскаја има само едно решение: или да остане со своите родители или пак да тргне на тешкиот и опасен пат – да оди при својот

мaж. Иaкo нejзe ѝ e мнoгy тeшкo, смeлaтa рyскa жeнa сe oпрeдeлилa дa тргнe пo пaтoт нa свojoт мaж.

*Јас одам, татко!*
*Прости ѝ на својата ќерка,*
*ради бога!...*

Многу е интересна сликата кога Волконскаја се разделува од своите родители; тука се гледа дека таа успева да ги убеди своите многу сакани родители дека друг спас, освен патот за Сибир, нема.

Во четвртиот дел од поемата се зборува за заминувањето на Волконската за Москва и дека на нејзина страна била целата напредна интелигенција, од цела Русија. Таа во Москва се сретнува со многу артисти, писатели...меѓу кои бил и А.С. Пушкин.

Во петтиот дел од поемата се зборува за патувањето на Волконскаја. Се гледа дека рускиот народ знае каде тргнале жените на декабристите и затоа со добрина и со почит се однесувале кон тие жени. На пример, шумарот се откажува да прими пари. Тој ја предупредува од опасноста кога таа го прашала офицерот што знае за црквите на декабриското дело, тој грубо ѝ одговара, а кога офицерот отишол, војникот ѝ рекол:

*Здрави, ѝ рекол тој, јас ги видов сите,*
*живеат во рудникот Благодатски...*

Со голема почит и чувство се однесува арабаџијата и другите кои ја сретнувале Волконскаја на патот.

*...Сакам да кажам*
*ви благодарам вам, руски луѓе!*
*Во патот, во прогон, каде не сум била...*
*Народе! Јас утеха со тебе носам...*
*Примете го мојот наклон, бедни*
*Благодарност на сите ви испраќам!*

Во последниот дел од поемата Некрасов ни раскажува како таа стигнува во рудниците каде што работат декабристите. Авторот успева да ни даде една прекрасна слика на средбата на Волконскаја со својот маж и неговите другари. Тука Некрасов успева да ни ја покаже руската жена. Жената на луѓето кои се бореле за нешто подобро и напредно.

Поемата „Руски жени“ имаше огромен успех и отвори нова страница во руската поезија. Во февруари 1873 година, неколку дена по појавувањето на оваа поема, самиот Некрасов пишувал: ...**„Иако литературните критичари ја критикуваат, публиката ја чита и ја купува“. Н.А. Некрасов знаел дека поемата ќе биде така примена од критичарите, како на пример Авсенски, Буреин и дека тие непријателски ќе се однесуваат кон делото, кое зборува за верните синови и ќерки на Русија.**

**Поемата била сосема поинаку примена од читателите и напредната критика. За неа биле посветени многу статии.** Биле напишани многу пофални зборови. **Еве што вели А. М. Скабически**:

**„...Јас никако не можам да си спомнам за ниту едно уметничко дело, кое се појавило во последните десет години во нашиот печат, кое му создало на публиката таков силен и ценет впечаток. Иако Некрасов во поемата зборува само за овие две жени, тој, всушност, ја величи руската жена, нејзината храброст, нејзината трудољубивост и нејзиниот патриотизам, што ги покажала кон својот маж и својот народ. Исто така во тие жени се гледа верата кон справедливото дело на нивните мажи и нивните пријатели.“**

## „Кој во русија живее добро“

Поемата „Кој во Русија живее добро“ Некрасов почнал да ја пишува уште во 1863 година. Ја пишувал повеќе од 13 години. Во поемата сакал да собере сè што видел и слушнал за време на својот живот. Сакал да напише народна книга, но за жал смртта ја прекинала работата на поетот врз оваа енциклопедија за животот на руското селанство. Еве што вели пред својата смрт **самиот Некрасов: „Само за едно**

**длабоко жалам – што не ја завршив поемата „Кој во Русија живее добро“.** Но, иако поемата не е завршена, таа зазема централно место во литературното творештво на Некрасов, а во руската литература може да се спореди со „Евгениј Онегин“ од А.С. Пушкин и со „Мртви души“ од Гогољ. Авторот на поемата сакаше да го опише животот на селаните по реформата од 1861 година. Тој не верувал, како што не верувале и многу напредни луѓе во Русија, и надвор од неа, дека реформата ќе му донесе среќа на рускиот селанец.

Н.А. Некрасов во поемата од почетокот сѐ до крајот, зборува за селанецот, за народот, неговата судбина и за неговата среќа. Поетот меѓу народот го бара и одговорот на прашањето: Кој во Русија живее добро?

Селаните тргнале по руската земја да го најдат среќниот човек. Посетиле села и градови, жени и мажи. Првиот што го сретнале бил попот.

*Кажи ни ти нам по - божјо:*
*Сладок ли е поповскиот живот?*

Уште во почетокот на поемата се гледа филозофската длабочина на авторот. Иако попот не ги употребува зборовите несреќа или страдање, ние увидуваме дека и поповиот живот не е среќен, но никако не може да се спореди со животот на селаните.

*Поповата каша - со масло,*
*Поповиот зелник – богат,*
*Поповата чорба – со месо!*
*Поповата жена згоена*
*Поповиот коњ дебел*
*Пчелата попова сита...*

Некрасов посветува цело едно поглавје во разговорот за поповскиот живот.

Опишувајќи го и понатаму патувањето на селаните за да го најдат срекниот човек, авторот создава нови селски ликови меѓу кои видно место зазема Јаким Нагој. Пред да почнеме со анализа на поемата, сметаме дека е потребно да се кажат неколку зборови за редот на главите во поемата, прашање што продолжува да биде спорно меѓу иследувачите на поемата. Едни тврдат и мислат дека најверојатен е следниот ред. Првиот дел „Попот“, „Селскиот панаѓур“, „Пијаната ноќ“, „Срекните“, „Спаија“; вториот дел „Селанката“; третиот дел „Последниот“ и четвртиот дел „Пирот на целиот свет“, а пак други имаат поинакво мислење за тоа прашање.

Во „Селскиот панаѓур“ се опишува посетата на неколку села.

*„Одиме во едно село,*
*одиме во друго – пусто!*
*А денешниот ден празничен .*
*Каде пропадна народот?“*

Некрасов мајсторски ги опишува сите подробности на панаѓурот: панаѓурските креви, пијанствата, песните, тепачките. Еве што вели самиот Јаким: **„До умирање работиме, до половина умирање пиеме...“** Тука се гледа дека Јаким среќата ја наоѓа во пијанството, барем за време на пијанството да биде среќен. Се гледа дека Јаким знаел кој е виновен за несреќата, но тој нема сила во себе да се бори против неговите непријатели.

*Пиеме ние одвреме-навреме,*
*а повеќе работиме...*

Селанецот знае дека од неговата работа чекаат и тие кои не работат, а живеат од неговиот труд. Еве што се вели во „Пијаната ноќ“.

*Работиш еден,*
*а кога работата ќе заврши,*
*погледни, стојат тројца и бараат:*
*Господ, царот и газдата!*

Композицијата е посложена во „Селскиот панаѓур“ и „Пијаната ноќ“ отколку во делот на поемата „Попот“.

Во делот на поемата „Среќните“ продолжуваат разговорите со разни пијани луѓе, повеќето селани, и се гледа дека тие се среќни само кога се пијани. Тука станува збор и за животот на Ермил Гирин. Некрасов го дава Гирин како човек-бунтовник, кој зема учество во бунтот против спахиите. Во ликот на Гирин авторот ни дава умен и способен човек.

Понатаму, во поемата станува збор за чифликсајбиите, чиновниците, трговците, а највидни од нив се Оболт, Оболдуев, Утјагин и други. Оболдуев е груб, некултурен човек. Тој се гордее со своето потекло и за тоа што тој, иако живеел во село повеќе од 40 години, не може да разликува јачмен од ’рж. Тој е против реформите и со задоволство зборува за времето пред реформата.

*Кого сакам – го помилувам,*
*кого сакам – го казнувам,*
*закон – мојата желба!*
*Тупаницата – моја полиција!*

Тој ѕверски постапувал со селаните и не ги сметал за луѓе, ами за стока. Исто така авторот зборува за неговата мрзеливост. Оболдуев е човек кој мисли дека не е роден за да работи, туку други за него да работат.

Во ништо не е подобар ни Утјагин. Тој и по реформата не верувал дека се изменило крепосното феудално право. Некрасов во поемата успешно ги исмејува овие луѓе кои мислеле дека со векови треба да се живее според нивниот начин на живеење. Авторот исто така зборува за измените коишто настанале по реформите, не само во општеството, туку и во самите луѓе, и затоа и натаму се потребни нови измени во животот.

Некрасов како и во многу други песни, така и во поемата „Кој во Русија живее добро“ има посветено доста место за руската жена,

за селанката. Продолжувајќи го патувањето, селаните решиле да најдат среќен човек меѓу жените. Тие ја сретнале Тимофеевна на која Некрасов ѝ посветил една цела глава од поемата. Судбината на Тимофеевна е иста каква што била и на сите жени во Русија. Таа од дете почнала да работи смело, секогаш се борела со тешкотиите со кои се среќавала во животот. Исто така, таа многупати се присетувала на детскиот живот.

*И добра работничка*
*и пеев - танцував со задоволство*
*јас во младоста...*

Некрасов го опишува животот на Тимофеевна и по нејзиното мажење. Тимофеевна ништо не ја плаши, па ни тешкиот живот. Таа смело протестира и нејзината смелост го прави авторот да верува во подобрата иднина на руската жена. Во лицето на Тимофеевна се гледа човечкото достоинство, смелоста и борбата против сите пречки кои се испречуваат пред неа. За Тимофеевна може да се рече, без никакво двоумење, дека таа е една од посветлите женски ликови во руската поезија во тоа време.

Видно место во поемата зазема и Савелиј, кој Некрасов го нарекол светоруски богатир. Во ликот на Савелиј е покажан селски бунтовник, смел и решителен и во најтешките моменти. Селаните заедно со Савелиј, не можејќи да ја трпат страшната експлоатација на Фегел, решиле да го унуштат и го закопале жив во некоја јама. Кога органите на власта ги побарале виновниците, Савелиј смело ја понел целата одговорност врз себе иако тоа го чинело 20 години робија. Смело, решително, тој не само што ја издржал казната, туку станал уште посилен и посмел, па не сучајно авторот го нарекол Савелиј Великан.

Ни робијата ни маките не го исплашиле Савелиј. Тој преку целиот свој живот си останува великан, борец за слободата на народот.

Н.А. Некрасов верувал во народните сили, во иднината на рускиот народ и затоа тој ја кани напредната младина и интелигенција да

му помогне на многу напатениот и мачен народ. На прашањето кој ќе биде тој што ќе му го покаже патот на народот кон слободата, Некрасов одговорот го дава во последниот дел од поемата „Пирот на целиот свет". Во овој дел од поемата, поетот успева да создаде еден нов лик кој својата среќа ја гледа во борбата за доброто и среќата на рускиот народ. Тоа е Гриша Добросклонов. Во неговото лице ја гледа револуционерната интелигенција во 1860/70 година. Тој е син на селски сиромашен поп. Гриша уште како дете на својот грб ја осетил сиромаштијата и тешкиот живот на селанецот. Тој секогаш мислел како да му помогне на својот народ.

*...петнаесет години*
*Григори тврдо знаел веќе,*
*дека ќе живее среќно*
*во сиромашниот и темен*
*роден крај.*

Тој уште како дете се определил и застанал на страната на многустрадниот селанец. Добросклонов знаел дека борбата со непријателите ќе биде тешка и долга.

*Нему судбината му готвела*
*пат славен, име чесно*
*на народниот претставник*
*туберкулоза и Сибир.*

Ни Сибир, ни затворот не го плашат. Тој верува во народот, верува дека ќе дојде време кога тој ќе се дигне во борба за својата слобода. Гриша својата среќа ја сврзува со среќата на својата татковина.

*Русија тоне,*
*Русија – како убита!*
*А се разгоре во неа*
*искра скриена...*

Во овие стихови се гледа верата на Гриша во силата и смелоста на народот. Тој среќата на својот народ ја гледа во борбата против неговите експлоататори со кои со сите сили се бори.

*...застани во нивните редови.*
*Оди кај понижените,*
*оди кај навредените -*
*таму си потребен ти.*

Гриша се определил за тоа уште тогаш кога тој со свои очи гледал како се мачи работниот народ, а од неговиот труд живеат други, а тој само страда и затоа Гриша застанал на чело во борбата на народот, без да го плаши ништо. Тој знае дека народот во себе крие огромна сила која во погоден момент може да ја искористи.

*Злато, злато*
*срцето народно.*

Во последниот дел од поемата „Кој во Русија живее добро" Некрасов дава одговор на прашањето: со кого и како треба да се бори народот за својата среќа. Тој длабоко верува дека иднината му припаѓа на народот. Во поемата широко е користено народното творештво. Тој ни го опишува животот на народот пред и по реформата и со тоа успеал да ни создаде прекрасни селски ликови, како, на пример, Савелиј, Гриша и многу други. Таквите луѓе како Гриша Доброклонов, иако во тоа време биле малку, тие ја одиграле својата улога меѓу редовите на селаните. Тие биле првите луѓе кои почнале да се спротивставуваат и да се борат против непријателите на својот народ. Н.А. Некрасов, иако во последните години од својот живот бил тешко болен, ни болеста ни тешките услови не го исплашиле до последниот ден да пишува. Последната негова збирка песни била печатена во март 1877 година - „Последни песни". Дури и насловот предупредува дека тоа е последната творба којашто истекла од перото на овој голем писател. Тој продолжува и во последната збирка „Последни песни" да ги

величи подвизите и борбите на верните синови на рускиот народ, кои умреле за доброто и слободата на својот народ. **Во последната збирка „Последни песни“ видно и програмно место зазема песната „Сејачите“. Преку оваа песна поетот им се заблагодарува на тие што ја изорале нивата и го фрлиле првото семе. Тој крајно е уверен дека тоа семе ќе даде плод.**

**Тргнете напред!**
**Сејте! Благодарам ќе ви каже срдечно**
**рускиот народ.**

И навистина, рускиот народ ќе им биде благодарен на своите верни синови и без сомнение во тие синови припаѓа и самиот автор на песната „Сејачите“. Во песната „Пријатели“, Некрасов претскажува дека **„Ќе дојдат поубави денови“**. Тој знае дека самиот нема да го доживее тоа, но исто така знае дека тоа сигурно ќе го доживеат идните поколенија.

Некрасов е свесен дека има уште многу тешки борби до денот кога ќе осамнат тие радосни денови. Убав пример за тоа е песната „Елегија“.

*Нека нам ни зборуваш за променлива мода*
*дека темата е стара – „страдањето на народот“*
*и дека поезијата е должна да ја заборави, -*
*не верувајте, јунаци! Не стареe таа...*

Некрасов и во последните денови сакал да пишува песни за својот народ и за руската природа. Тој во своите песни многупати зборувал за својата мајка, за нејзината љубов кон своите деца. Таа направила сè што можела да направи една мајка со големо мајчинско срце.

Некрасов ѝ е благодарен на својата мајка затоа што таа го научила како да го сака и да го цени човекот на кого авторот до последниот момент од својот живот му останал верен.

Во песната „Волга“, Некрасов зборува за убавината на оваа величествена руска река на која рускиот народ ѝ има посветено многу песни.

*О, Волга! По многу години*
*јас повторно ти носам поздрави*
*веќе не сум тој, ама ти си блескава*
*и величествена, каква што си била...*

Руската природа е богата со такви убавини какви што ретко човек може да ги најде на друго место во светот. Некрасов, пишувајќи за руските селани, не можел да не ја согледа и судбината на селските деца. Поетот има напишано голем број песни за децата кои, заедно со своите родители, се притиснати од луѓето што сите богатства и плодови од работниот народ ги користат за себе, без да гледаат дека децата на селаните се гладни, умирале по улиците за парче леб. Попознати вакви песни се „Селски деца“, „Славеј“ и многу други.

Н.А. Некрасов влезе во руската литература како славен поет, а влезе и во плејадата на демократите кои Херцин ги нарекол **„Луѓе на иднината“. Тој во своите песни го покажува животот на рускиот народ, неговите страдања, мечти, верата кон иднината. Некрасов се јавува во руската литература како прв граѓански поет. Тој ја покажа улогата на поезијата во општеството и тесната врска на поезијата со човечкиот живот.** Таа е блиску до самиот живот на работниот човек. Влијанието на Некрасов во руската и светската литература е огромно. Неговите заслуги во руската литература се големи. Еве што пишува во писмото испратено до Пипин Чернишевски: **„Ако, кога вие ќе го добиете моето писмо, Некрасов продолжува уште да дише, кажете му дека јас многу го сакам како човек, дека јас му благодарам за доброто расположение кон мене, дека го бакнувам, дека сум убеден неговата слава ќе биде бесмртна, дека вечна ќе е љубовта на Русија кон него и дека тој е најгенијалниот и најблагородниот од сите руски поети...“**

Некрасов пред смртта рекол: **„Кажете му на Н.Г. Чернишевски дека многу му благодарам, јас сега сум спокоен, неговите зборови за мене се најскапи од кои било други зборови“.**

На 8 јануари 1877 година престанало да чука едно големо човечко срце, срцето на Н.А. Некрасов. Посмртните останки на Некрасов се носеле низ целиот град на раце.

Последен од писателите кој се простил од поетот бил Достоевски. Кога тој го завршил својот говор рекол: „Некрасов како поет може да се спореди со Пушкин и Лермонтов“. **Студентите, прекинувајќи го Достоевски, извикале: „Не, повисоко, повисоко“. Можеби биле во право, затоа што е многу тешко да се одговори на такво прашање**.